ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ

E-MAIL: CONTACT@MOBILNOST.MK WWW.MOBILNOST.MK БРОЈ 105, ДЕКЕМВРИ 2024

-ОБРАЌАЊЕ ДО МЕДИУМИТЕ
ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 3. ДЕКЕМВРИ

-ВО КУМАНОВО ОДБЕЛЕЖАН 4. ДЕКЕМВРИ
- ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ
НА МАКЕДОНИЈА

-ОДРЖАНА 25. ТОРТИЈАДА ВО СТРУМИЦА

-РЕАЛИЗИРАН ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОНАЦИЈА
НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА

МСПДМ
Министерство за социјална политика, демографија и млади

*Среќна Нова Година*

*2025*














RUN TOGETHER
5285
5314
5297
5307
5296
5298




# МОБИЛНОСТ

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА


Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
д-р Нико Јанков

***Одговорни уредници:***
Бранимир Јовановски
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков
Елица Трпковска
Стеван Ангелески
Нермин Суловски
Гоце Миновски
Велибор Јакимовски
Дивна Таневска
Михајло Михајлов
Миланчо Арсовски
Горан Војновски

***Лектор:***
Валентина Бачваровска

***Адреса:***
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
на Северна Македонија
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 50 примероци
Излегува тримесечно
Број 105, Декември 2024
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
КОНТУРА ДОО – Скопје

Весникот е бесплатен.


•СОДРЖИНА


•ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
•ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОЈУЗОТ 3
•ВО КУМАНОВО ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ – ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ИНВАЛИДНОСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 4
•ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ДЕЛА ОД 13. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2024“ 6
•ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ „ABILITY AWARDS 2024“ 6
•ГОСТУВАЊЕ НА ТВ ТЕЛМА ВО УТРИНСКА ПРОГРАМА 8
•ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ 10
•ОДРЖАНА 25. „ТОРТИЈАДА“ ВО СТРУМИЦА 11
•ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОНАЦИЈА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА 12
•РАБОТИЛНИЦА ЗА МУЛТИПЛА СКЛЕРОЗА НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА 12
•КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ИППГ 13
•НОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ 14
•ИНКЛУЗИВНОСТА ВО ПРАКТИКАТА 15
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА „ПОЈАДОК СО ХЕМА-ОНКО“, ЗАЕДНО ВО ПРЕВЕНЦИЈА ЗА РАК НА ДОЈКА 17
•НОВОГОДИШНА ПРЕТСТАВА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАКЕТЧИЊА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ЧЛЕНОВИ 18
•ДЕФИЛЕ НА ШИРОК СОКАК 2024 19
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА УЧЕСТВО ЗА ТЕМА „ВАКЦИНАЦИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА“ 20
•ИЗЛЕТ И ТЕМАТСКА СРЕДБА ВО КРУШЕВО 20
•КОНЦЕРТ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ 22
•ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА 23
•ОДРЖАНА ВТОРАТА ИНКЛУЗИВНА ТРКА ВО ГЕВГЕЛИЈА – ПОЗНАТА ПОД ИМЕТО RUN TOGETHER 24
•ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА ЗА ПРИДОНЕС НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ ЗА ДОДЕЛЕНО ОРТОПЕТСКО ПОМАГАЛО НА ЧЛЕН НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА 25
•НАГРАДНА ИГРА 25
•СПРОВЕДЕНА ОБУКА ЗА ПАРА СПОРТ ЛИДЕРСТВО ЗА ЖЕНИ 26
•БРОНЗЕН МЕДАЛ ЗА ИГОРЧО ПОСТОЛОВ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР „ПОДГОРИЦА ОПЕН 2024“ 27
•ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО СО ВОЗДУШНО ОРУЖЈЕ 2024 28
•ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ПИНГ-ПОНГ 29
•ПРВО МЕСТО ЗА ЕКИПАТА НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ШАХ ВО БАЊА ЛУКА 31
•МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ „КУМАНОВО 2024“ 31
•ОДРЖАН ПРВИОТ ИНИЦИЈАЛЕН СОСТАНОК НА ПАРТНЕРИТЕ НА ПРОЕКТОТ VIEWS (VOLUNTEERING FOR INCLUSION AND EMPOWERMENT WITH SPORTS) 32
•ОДБЕЛЕЖАН ЈУБИЛЕЈ, 60 ГОДИНИ ХРВАТСКИ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ 33
•ОДБЕЛЕЖАНИ 15. ГОДИНИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПАРАОЛИМПИСКИОТ КОМИТЕТ НА ЦРНА ГОРА 33
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ТУРНИР ВО БОЧАЊЕ СЕВЛИЕВО - БУГАРИЈА 34
•ВО ГЕВГЕЛИЈА ОДРЖАН ТУРНИР ВО ТАБЛА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО 34
•ТУРНИР ВО КУГЛАЊЕ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ И ПРИЈАТЕЛИТЕ 35
•НАТПРЕВАР ВО АТЛЕТИКА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ 36
•СПОРТСКИ НАТПРЕВАР ВО ЧЕСТ НА 11 НОЕМВРИ - ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КУМАНОВО 36
•ТУРНИР ВО БОЧАЊЕ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ 37
•ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ 38
•ОЛИВЕРА НАКОВСКА БИКОВА - СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА 2024 38
•ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ 40



Се ближи крајот на годината. Сите мисли се насочени кон последните денови или кон последниот ден од оваа 2024 година. Влегуваме ли во Новата 2025 со отворени очи, гледајќи напред кон новото и подоброто, или, пак, се осврнуваме наназад? Дали иднината ќе ни донесе подобро утре или нешто друго?

Осврнувајќи се наназад, видовме работи кои се случуваа. Добри, но и не толку добри. Се запрашавме колку ние со нашето дејствување придонесовме кон случувањата. Случувањата главно беа дел од нашите статутарни и програмски цели. Колку ги исполнивме и како ги реализиравме? Дали оставивме трага од нашето дејствување во случувањата и каква е таа?

Со овие размислувања, драги наши членови и помагатели, ќе ја испратиме старата 2024 и ќе ја пречекаме Новата 2025 година. Нека ни е среќна и бериќетна. Да донесе емпатија и разборитост, кои ни се особено потребни во овие турбулентни времиња. Сѐ најдобро и до видување в година, во 2025!

Прим. д-р Нико Јанков

# ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОЈУЗОТ

На 14.10.2024 година се одржа шестата седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија. Претседателот на сојузот ги информираше присутните за реализираните програмски активности во изминатиот период меѓу двете седници на УО: Одржано 36. Државно првенство во шах; Учество на најдобрите шахисти на меѓународен шаховски турнир во Бања Лука; Одбележан 30. Мај – Ден на лицата со МС; Одржани 35. Републички спортски игри; Испратен допис до Министерство за социјална политика, демографија и млади во кое се поднесе барање во врска со зголемувањето на купопродажната вредност на возилото од 10 илјади евра на 20 илјади евра согласно Пограмата за рефундирање на средства за набавка на моторно возило, зголемување на износот на паричните надоместоци на лицата со телесен инвалидитет, издавање на трајни решенија за примања на социјалните надоместоци кај лицата со телесен инвалидитет; Учество на спортски игри во организација на сојузот на параплегичари на Србија; Одржан 30. Републички квиз во знаење; Организирана 13. Меѓународна ликовна колонија во Охрид; Одржани состаноци со националните инвалидски организации а во врска со барањата од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, и др.

Во натамошниот тек на седницата се донесе одлука да се продолжи работното ангажирање на секретарот Гораст Велковски и генералниот секретар на сојузот, Совка Прчева, до 31.01.2025 година по истите услови како и до сега. Се донесе одлука да се формира комисија во состав: д-р Нико Јанков, Борче Стојков и Миланчо Арсовски со задача да изготви Правилник за донирање на ортопедски помагала, да одлучи кои видови на ортопедски помагала ќе се набават, за колку лица и да побара понуди со цени и карактеристики од ортопедските куќи, како и да објави јавен оглас до лицата со телесен ивалидитет, согласно програмата за работа според која имаме обврска до крајот на годината да набавиме ортопедски помагала од средствата издвоени за 2022, 2023 и 2024 година.

Потоа беа донесени одлуки за: Молерисување и поправка во купатило на објектот за опоравок, рехабилитација и одмор бр.12 во Охрид; Одржување на 13.Меѓународна ликовна колонија во Охрид и за таа цел да се набават платна, сликарски материјал, и да се обезбеди исхрана на учесниците во ресторанот Орфеј, како и да се исплати надоместоци за превоз на учесниците на колонијата од Скопје до Охрид; Да се организира 25. Тортијада во организација на Мобилност Струмица со материјална поддршка од сојузот во висина од 60.000 денари; Да се организира 14.Турнир во табла во организација на Мобилност Тетово со материјална поддршка од сојузот во висина од 60.000 денари; Да се организира изложба на дела од 13. Ликовна колонија на 02.12.2024 година во „Порта Македонија“;Да се врамат делата од ликовната колонија, да се изготви покана, каталог, плакат за изложбата, да се организира коктел за присутните; Одлука во иднина лицата во инвалидска количка, како и останатите членови да пристигнуваат на манифестациите на денот на нивното организирање, наместо досега еден ден порано.

На крајот од седницата беа потврдени одлуките гласани по електронски пат: За исплата на II дотација за редовна дејност; За изработка на нова WEB страна на сојузот; За продолжување на Договорот за работно четиричасовно ангажирање на генералниот секретар на сојузот за наредните три месеци од 1 август до 31 октомври 2024; За учество на Републички спортски игри на Сојузот на параплегичари и квадриплегичари на Србија во Врњачка Бања; За дадена позајмица на НСИОМ во висина од 200.000,00 денари; За учество на 16. Меѓународен шаховски турнир „Бања Лука 2024“; За исплата на III дотациај за редовна дејност.



На 16.12.2024 година се одржа седмата седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија на која по усвојување на записникот од минатата седница, претседателот поднесе извештај за спроведените активности помеѓу двете седници на УО, меѓу кои: Учество на одбележувањето на 24 Октомври - Ден на Обединетите Нации; Присуство на тркалезна маса со презентација на препораките за политиките околу втемелување на семејниот пристап кон осмислување и спроведување на услуги за грижа и за нега; Присуство на ►



конститутивна седница на Интер Парламентарна Пратеничка Група (ИППГ); Одржана 30. Тортијада во Струмица; Објавен Јавен повик преку социјалните мрежи на сојузот и во два печатени весници за искажување на интерес за добивање на ортопедски помагала на лицата со телесен инвалидитет; Одржана изложба на делаод 13. Ликовна колонија; Одбележан 3. Декември – Меѓународен ден на лицата со инвалидитет и активностите кои му претходеа; Во Куманово одбележан 4. Декември – Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија; Состојбите со финансирање на сојузот во 2024 година и Буџетските проекции за финансирање во 2025 година.

Потоа беа разгледани предлог Програма за работа и финансискиот план на потребни средства за работа на сојузот во 2025 година, и беа потврдени одлуките донесени по електронски пат. Членовите на Управниот одбор донесоа одлуки за: Избор на најдобра понуда за набавка на ортопедски помагала по објавен Јавен оглас; За доделување на ортопедски помагала по објавен јабвен оглас; Исплата на IV дотација за редовна дејност; Исплата на регрес за годишен одмор за 2024 година; Исплата надомест за ажурурање на веб страната на сојузот за 2024 година; Висина на касов максимум во 2025 година; Формирање на Пописни комисии и спроведување на редовен годишен попис на средствата на Мобилност Македонија во Скопје и Охрид; Определување на датум за свикување на седница на редовно годишно Собрание; Покровителство на организација на предновогодишна прослава за членовите на Мобилност Македонија во износ ос 130.000 денари, а во организација на Мобилност Скопје.

*Б.Јовановски*

# ВО КУМАНОВО ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ – ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ИНВАЛИДНОСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 4.12.2024 година, Меѓуопштинското здружение на лицата со телесен инвалидитет на Куманово, Кратово и Крива Паланка – Мобилност Куманово, со финансиска поддршка од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, во ресторанот „Грација“ во Куманово, со почеток од 10:30 часот, во присуство на 86 членови од сите здружени членки на сојузот, го одбележа 4 Декември – Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија.

На одбележувањето, покрај поканетите претставници од здружените членки на Мобилност Македонија, присуствуваа и Ивана Ѓоршиевска, претседател на Советот на општина Куманово и Александар Крстевски, раководител на сектор за социјална политика при општината, претставници на институции и организации со кои сојузот соработува, како и претставници на националните инвалидски организации и НСИОМ како кровна организација.






Настанот започна со сплет на ора од нашето подрачје во изведба на игроорците од ДМА „Срма" од Куманово, предводени од кореографот Марјан Бошковски. Младите игроорци изнудија громогласен аплауз за нивниот уметнички перформанс, а веднаш потоа на присутните им се обрати претседателката на Советот на општина Куманово, Ивана Ѓорѓиевска, која даде осврт на состојбата на оваа група на граѓани во општина Куманово, како и можностите за нејзино подобрување преку воведување на нови проекти и континуитет на услугите кои ги имаат и нивно зголемување опфатени со програма на општина Куманово. Соработката со Мобилност Македонија со години наназад е на високо ниво, па благодарение на еден заеднички проект пред седум години, поддржан од средства од грантот добиен од USAID, во основното училиште „Кочо Рацин" во Куманово беа изградени пристапни рампи, пристапен тоалет и паркинг-простор за лица со попреченост, истакна претседателката Ѓорѓиевска.







Александар Крстевски истакна дека соработката со Мобилност Куманово, како водечка организација за правата на лицата со телесен инвалидитет на територија на општина Куманово е на завидно ниво, но секогаш може да биде подобра и со повеќе заеднички активности. Особено ја нагласи развојната идеја за изградба на капитален објект, спортска сала за лица со попреченост, која е во фаза на лобирање на донатори и спонзори како би можело да се започне со нејзината изградба.

Во натамошниот тек на работилницата, Бранимир Јовановски во улога на предавач и презентер дискутираше на тема: „Засилување на лидерство на лицата со попреченост за инклузивна и одржлива иднина", како и на тема „Преземени активности на Мобилност Македонија во 2024 година и актуелни состојби за подобрување на правата на лицата со телесен инвалидитет со осврт на финансирањето на сојузот и здружените членки".

По завршената дискусија и донесените заклучоци, учесниците на настанот беа повикани на заеднички работен ручек.

*Б. Јовановски*

# ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ДЕЛА ОД 13. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2024“

На 2.12.2024 година, во Порта Македонија, беше одржана изложба на дела од 13. Ликовна колонија „Охрид 2024“, која се одржа од 2 до 8 октомври 2024 година, во Охрид, со финансиска поддршка од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

На колонијата учествуваа 18 ликовни уметници од Србија, Бугарија и Македонија, а сојузот отпечати соодветен каталог, плакат и организираше изложба на дела со пригоден коктел во чест на одбележување на 3 Декември - Меѓународен ден на лицата со инвалидност.

Покрај претседателот Бранимир Јовановски, на присутните уметници и гости на изложбата им се обратија и Снежана Трпевска, советник на премиерот Мицкоски, и Зоран Јакимовски, претседател на одборот за организација на ликовна колонија при Мобилност Македонија.

*Б. Јовановски*






# ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ „ABILITY AWARDS 2024“



На 3.12.2024 година, во хотелот DoubleTree by Hilton, во Скопје, во организација на European Alliance Macedonia/Best Online Assistant & Abilities Net, се одржа манифестацијата „ABILITY AWARDS 2024“, која ги повика лицата со попреченост, компаниите кои вработуваат лица со попреченост, општествено одговорните компании, претставниците на министерствата, на амбасадите во Република Северна Македонија, заедно да се придружат на свеченото одбележување на инклузијата и различноста, да застанат на „црвениот килим“ на ABILITY AWARDS, каде што првпат и во прв план, беа ставени исклучителните достигнувања на лицата со попреченост и компаниите кои прават значајни промени во општеството.

Овој престижен настан нè одведе на патување каде што иновацијата и инклузивноста се слават, а сето тоа беше проследено со пренос на национална телевизија и под објективот на медиумите.

За добивање на награда беа номинирани повеќе од 80 лица со попреченост и компании, од кои 40 се најдоа во потесен избор во следните категории:

**Номинации за лица со попреченост кои се истакнале во:**

1. Култура и уметност
2. Спортски достигнувања
3. Работник во бизнис-сектор
4. Работник со ИТ-вештини
5. Лидерство
6. Работник во јавна институција
7. Награда за влијание/импакт
8. Бизнис иноватор
9. Борец за човекови права
10. Инклузивен иноватор

**Номинации за компании и институции**

1. Најдобро инклузивно работно место
2. Иновации во пристапноста



„Ми припадна честа да учествувам на „Ability Awards 2024“, манифестација организирана по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост и да му доделам награда од областа на спортот на Бранимир Јовановски, првиот македонски освојувач на златен параолимписки медал во стрелаштво, кој истовремено е и пионер во застапувањето на правата на лицата со попреченост.

Бранимир за мене е спортски херој и вистински лидер, инспирација за илјадници лица не само во Македонија, туку и пошироко. Ова признание е само уште една потврда за неговата посветеност и безрезервна борба за еднаквост и инклузија на лицата со попречености.

При врачувањето на наградата му честитав за сите досегашни постигнати спортски успеси, за неговата одлучност и истрајност во сето она што го работи. Му изразив целосна поддршка и можност за соработка заеднички да продолжиме да градиме еднакво и инклузивно општество за сите. Инклузивноста не е само право, туку и наша обврска за одговорност и за подобрување на условите за прифаќање на различностите.“



3. Награда за влијание на заедницата
4. Лидерство за различности
5. Инклузивна маркетинг кампања
6. Застапување и политика
7. Инклузивна технологија
8. Претприемничка иницијатива
9. Корпоративна општествена одговорност
10. Медиум без предрасуди

Манифестацијата започна со пригодна уметничка програма и говор од организаторите на настанот. Првата награда беше врачена во категоријата БОРЕЦ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА која му припадна на Бранимир Јовановски, претседател на Мобилност Македонија и на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија.

Наградата му ја врачи министерот за економија и труд, Златко Перински, кој во својот пост на фејсбук-страницата истакна:

Бранимир Јовановски, заблагодарувајќи се за честа да биде најнапред номиниран, а потоа и да ја добие наградата, во својот говор по нејзиното примање истакна:

„Имав прекрасни родители кои уште како мал ме воспитаа дека не треба да го живеам животот постојано притискајќи на кочница и дека не треба да чекорам по туѓи стапки, бидејќи нема да оставам трагови. Иако имав сериозни оштетувања на долните екстремитети од најрана возраст, ѝ пркосев на инвалидноста така што возев мотори, свирев гитара, го живеев животот со полн здив, спортував, најнапред шах, потоа пинг-понг, за да се пронајдам во стрелаштвото и после исклучително тежок и макотрпен повеќегодишен тренажен процес, да освојам златен параолимписки медал, постигнувајќи притоа нов светски и параолимписки рекорд во Барселона 1992 година,

токму на годишнината од осамостојувањето на Република Македонија. Тој успех одекна медиумски како „бомба“, одеднаш станав медиумски препознатлива личност, шампион, ас, и некако спонтано, таа препознатливост решив да ја искористам во апелите за подобрување на положбата на лицата со инвалидност во нашата држава. Се вклучив во работата на организациите кои ги застапуваа правата на лицата со инвалидност, мојата трудољубивост и моќ за преговарање некако природно ме донесоа до претседателските места најнапред во три мандата на Федерацијата за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија, а еве сега наназад три мандати и на Мобилност Македонија, каде што со колегите постојано се обидуваме да направиме еден чекор повеќе во подобрување на правата и положбата на лицата со инвалидност. Нека ова награда биде уште еден доказ дека тоа го правам успешно годините наназад, секако со голема поддршка од семејството, на што искрено и од сè срце им се заблагодарувам.

Отсекогаш сум апелирал кон политичарите да направат политички консензус, кога се во прашање правата и положбата на лицата со инвалидност. Попреченоста нема ниту пол, ниту нација, ниту возраст, ниту раса, ниту религија, а најмалку политичка припадност. Сите нам една скала ни преставува „непремостлив Монт Еверест“ и тука мегдан за политичка борба нема. Се надевам дека такво политичко единство ќе го доживееме наскоро, и дека сите заедно ќе работиме и ќе вложиме енергија во создавање на инклузивно општество со еднакви можности за сите.

Мајка Тереза во една пригода има кажано: „*Секој од нас чувствува дека она што го прави е само една капка во океанот.* Но ако не правиме ништо, океанот ќе биде посиромашен за таа една капка“.




Јас чувствувам дека сите ние овде, како и присутните кои нè следат пред малите екрани, во нашите срца имаме по едно камче од мозаикот наречен инклузивно општество еднакво за сите. Ајде да го вградиме и да дадеме свој личен придонес во изградба на подобра иднина за сите“.

Наградата во категоријата СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА ѝ припадна на нашата најуспешна параолимпијка, Оливера Наковска-Бикова. Наградата ја додели министерот за спорт, Борко Ристовски, а во отсуство на наградената Оливера, наградата ја прими генералниот секретар на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Драган Дојчиноски.

*Б. Јовановски*

# ГОСТУВАЊЕ НА ТВ ТЕЛМА ВО УТРИНСКА ПРОГРАМА

На 11.12.2024 година, претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, како еден од добитниците на наградата «ABILITY AWARDS 2024», гостуваше во утринската програма на ТВ Телма, заедно со дел од добитниците на наградите и организаторите, каде што дискутираа на тема: правата, потребите, предизвиците и бариерите со кои се соочуваат лицата со инвалидност во секојдневието со акцент за изградба на општество на целосна инклузија и еднакви можности за сите лица.

Во получасовната дискусијата беа допрени повеќе теми, лични искуства, комуникации со државните институции и сизифовската борба за подобро утре.

Се разделивме со ветување дека за кусо време повторно ќе се сретнеме на ова или на некоја друга тема, бидејќи борбата за подобрување на правата и положбата за лицата со инвалидност во општеството има неопходна потреба од искрена и постојана поддршка од медиумите.

*Б. Јовановски*



# ОБРАЌАЊЕ ДО МЕДИУМИТЕ ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 3 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Националниот совет на инвалидските организации на Северна Македонија (НСИОСМ) е кровна организација во која се здружени над 90.000 лица со најразличен вид и степен на инвалидност застапувани преку: Националниот сојуз на слепи на Република Северна Македонија, Национален сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија, Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија - Мобилност Македонија, Републички центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост - Порака, Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на РМ, Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет на Северна Македонија и Националниот сојуз на инвалидите на трудот на Република Северна Македонија, здружени во 136 општински, меѓуопштински и градски здруженија.




Темата на Обединетите нации за одбележување на 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со инвалидност за оваа година е „Засилување на лидерството на лицата со попреченост за инклузивна и одржлива иднина.

Наместо работилница на тема, како и секоја година, НСИОМ и здружените членки годинава одлучија да ги презентираат тешкотиите со кои се соочуваат во последниот период, а кои влијаат на функционирањето и исполнувањето на зацртаните програмски активности во тековната година на НСИОМ, националните инвалидски организации и нивните здружени членки. Подолго време се соочувавме со неколкумесечен престанок на финансирање на нашите организации, а со самото тоа и на одложување и откажување на одредени зацртани активности. Нашите преговори со ресорното Министерство за социјална политика, демографија и млади за подобрување на состојбата конечно вродија со плод со делумно одблокирање на спроведување на Договорот за распределување на доделените средства за 2024 година, потпишан согласно Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2024 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Македонија. Искрено очекуваме дека министерството ќе ги исполни своите обврски за 2024 година во целост до крајот на ова календарска година.

Само што помисливме дека работите се стабилизираа и тргнаа на подобро, загрижени и обесхрабрени сме со информацијата дека со новиот Буџет за 2025 година, средствата за реализирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Македонија, се намалуваат од годинешните 80 милиони денари, на 60 милиони денари, што претставува враќање на позиција на финансирање од пред 10 години, со што се нарушува не само функционирањето, туку и опстанокот на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната кровна организација.

Повторно се обративме до Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерство за финансии и до премиерот на Владата на Република Северна Македонија со барање за прием и конструктивен дијалог за подобрување на правата на лицата со инвалидност, стабилно и независно финансирање и функционирање на националните инвалидски организации и НСИОМ, и по долги разговори со претставниците и советниците од министерството, неодамна добивме цврсто уверување дека со ребалансот на Буџетот за 2025 година ова состојба ќе биде надмината, при што ќе се подобри и стабилизира финансирањето со цел реализацијата и целосното исполнување на програмските активности на нашите организации за 2025 година ќе биде реалност.

Почитувани,

НСИОМ, националните инвалидски организации и нивните здружени членки со години градат партнерски однос со институциите на државата, дејствуваат како продолжена рака на институциите, насочувајќи ги своите активности кон потребите на самите лица со инвалидност за нивна целосна инклузија во општеството преку разни форми на дејствување и тоа посветено ќе го прават и во иднина.

Сочувствуваме со финансиската состојба во која се наоѓа државата, но исто така сме целосно уверени дека институциите на државата, согласно со Законот за инвалидски организации и Законот за игри на среќа и други забавни игри, мора да створат соодветни услови за непречено и независно финансирање и дејствување на овие репрезентативни организации во интерес на самите лица со инвалидност.

Заради тоа сакаме да веруваме дека даденото ветување од страна на институциите за корекција на буџетската ставка и зголемување на средствата за функционирање на нашите организации ќе биде реализирано со ребалансот на Буџетот за 2025 година кон средината на следната година, а во меѓувреме како вистински партнери ќе сториме сè за да ги адаптираме нашите Програми со делумно пролонгирање на одржувањето на одредени традиционални настани, тематски работилници и кампањи.

*Б. Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ




На 24.10.2024 година, во Градскиот парк во Скопје, на локацијата наречена Школка, се одржа финале на седумдневното одбележување на денот на Обединетите нации, годинава на тема „79 години заедничка посветеност за помирен, праведен и поиздржлив свет за сите“. Претходно, канцеларијата на ОН ги покани сите граѓани, со воведување мали, свесни, влијателни акции во нивниот секојдневен живот, да се приклучат кон специјалниот седумдневен предизвик за одржлив живот со цел да се подигне свеста за поголема одржливост, преку практични и едноставни акции, бидејќи секој може да придонесе за создавање на поодржлива иднина, за нас и за идните генерации, како што истакна Рита Колумбиа, постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија.

Според соопштението од Обединетите нации - Предизвик за одржлив живот, темите што беа опфатени во предизвикот организиран во пресрет на Денот на ОН (24 октомври 2024 година), вклучуваа:

- Ден 1: Ден без пластика – Поминете еден ден без пластика за еднократна употреба. Толку сме навикнати на пластиката околу нас што не ни забележуваме некои работи кои можат да имаат штетно влијание врз нашата околина. Предизвикот е - колку е тешко да се најдат и користат поодржливи алтернативи, барем за еден ден?

- Ден 2: Ревизија на отпадот – Вториот ден предизвикот е едноставен - ги повикуваме сите да го разгледаат своето ѓубре! Можеби звучи чудно, но ако навистина сакаме да дознаеме какво е нашето влијание врз нашата животна средина, ова е првата работа со која треба да започнеме.

- Ден 3: Заштеда на енергија – Паметното, свесно користење на енергијата е исклучително важно за намалување на негативното влијание на фосилните горива. Ве повикуваме



сите да внимавате на енергијата (струја, гас, бензин) што ја трошите во текот на денот. Предизвикот овде е да преземете акцијата, со која најмногу ќе заштедите енергија.

- Ден 4: Заштеда на водата – Овој предизвик е повик да се заштеди водата, особено висококвалитетната вода за пиење, преку мали активности, како што се поправање на протекување и пократко туширање.

- Ден 5: Одржлив транспорт - На овој ден се стремиме да промовираме еколошки транспортни опции како што се пешачење, возење велосипед и јавен превоз. Пешачете до вашето работно место и назад, фотографирајте и споделете ја активноста со хаштаговите #ИЈасИмамЦел.

- Ден 6: Истражување на исхрана базирана на растително потекло – Поголемата употреба на храна од растително потекло не е само добра за животната средина, туку и за нашето здравје. Предизвикот овде е да се обидете да вклучите повеќе растителна храна во сите оброци во денот, барем за тој ден. Учесниците се охрабруваат да споделат некои рецепти со етикетите #ИЈасИмамЦел.

- Ден 7: Размислувајте глобално, дејствувајте локално – На последниот ден од предизвикот за одржлив живот ги повикуваме сите да внимаваат на изборот на производи и услуги што ги користат. Поддршката на локални бизниси и иницијативи кои придонесуваат за одржлив развој не е добро само за економијата, туку и за нашата животна средина. Сите заинтересирани учесници се поканети да ги документираат сите свои секојдневни активности на социјалните мрежи користејќи го хаштагот #ITooHaveAGoal #ИЈасИмамЦел и да споделат како придонесуваат за поодржлив свет, инспирирајќи ги другите со своите акции.

Обединетите нации официјално настанале на 24 октомври 1945 година.

Во 1947 година, Генералното собрание на Обединетите нации го прогласил 24 октомври, годишнината од Повелбата на Обединетите нации, како денот „што ќе биде посветен на објавувањето на целите и достигнувањата на Обединетите нации на луѓето во светот и добивање на нивната поддршка“ за нивната работа.

Во 1971 година, Генералното собрание на Обединетите нации усвоило дополнителна резолуција (Резолуција на Обединетите нации 2782) со која се прогласува Денот на Обединетите нации да биде меѓународно одбележување или меѓународен празник што препорачува дека треба да се одбележува како државен празник од страна на земјите членки на Обединетите нации.

*Б. Јовановски*

## ОДРЖАНА 25. „ТОРТИЈАДА“ ВО СТРУМИЦА

На 2.11.2024 година, во хотелот „Вила парк“ во Струмица, се одржа јубилејното 25. издание на традиционалната манифестација „Тортијада“, во организација на Мобилност Струмица, а под покровителство на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија - Мобилност Македонија.

На манифестацијата учествуваа 9 екипи од здружените членки: Скопје, Куманово, Штип, Прилеп, Кочани, Радовиш, Велес, Гевгелија и домаќинот Струмица.

Првото место за најдобро подготвена торта го освои здружението Мобилност Гевгелија, второто место Мобилност Кочани, а третото место го освои екипата на Мобилност Велес.

Манифестацијата ја отвори претседателот на Советот на општина Струмица, а водител на настанот беше Ѓорѓи Калајџиев.



Средства за одржување на манифестацијата беа обезбедени преку Министерство за социјална политика, демографија и млади.

*Б. Јовановски*





# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОНАЦИЈА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА



Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, на 26.11.2024 година, преку јавна објава на социјалните мрежи и повик објавен во два печатени весници („Вечер“ и „Коха“, на македонски и албански јазик), ги повика своите членови и лицата со телесен инвалидитет кои имаат потреба од следните додатоци на ортопедски помагала, да се пријават на отворениот повик:



- електричен додаток за движење на инвалидска количка (Electric Wheelchair Handcycle);

- инвалидска количка на електромоторен погон.
- електромоторна количка - скутер

Право да поднесат барање имаа членовите на Мобилност Македонија и други лица со телесен инвалидитет од 18 до 65-годишна возраст, кои ги исполнуваа медицинските индикации во согласност со Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, а не можат да го остварат правото преку ФЗОРСМ.

Лица кои претходно од сојузот добиле некое од наведените помагала во последните 5 години, немаа право на пријавување. Предност имаа лицата кои досега го немаат остварено ова право (не примиле досега донација преку Сојузот).

Кон барањето требаше да се достави следната документација:

- Наод, оцена и мислење од надлежен орган или Конзилијарно мислење за функционален статус (ортопед, физијатар и невролог);
- Потврда од УЈП за примањата на барателот за минатата година;
- Потврда од здружението, доколку е активен во работата на органите и телата на здружението или ангажиран во спроведување на програмските активности;
- Мислење од специјалист невролог дека лицето е способно самостојно и безбедно да ја управува инвалидската количка на електромоторен погон, инвалидска количка-скутер или електричниот ортопедски додаток;
- Потврда од Агенција за вработување дека лицето е невработено;
- Фотокопија од лична карта со која се потврдува возраста;
- Податоци за контакт, број од мобилен телефон и мејл адреса.

Јавниот повик ќе важи 15 дена од денот на објавување.

Барањето со целокупната потребна документација заинтересираните членови и лицата со телесен инвалидитет го доставија преку пошта на адреса: Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија - Мобилност Македонија, ул. „11 Октомври“ бр.42а, Скопје, или на e-mail: contact@mobilnost.mk.

Некомплетните документи како и ненавременото доставени барања, Комисијата не ги разгледуваше.

*Б. Јовановски*

# РАБОТИЛНИЦА ЗА МУЛТИПЛА СКЛЕРОЗА НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА

На 8 декември 2024 година, во ресторанот „Корзо“ во Битола, со почеток во 11 часот, Мобилност Битола успешно ја организираше и изведе тематската работилница насловена „Мултипла склероза: Фикција или реалност“, со поддршка од Мобилност Македонија. Покрај претседателот на Мобилност Битола, прим. д-р Нико Јанков, како промотор и модератор, учествуваа и д-р Ирена Стефановска, специјалист невролог од битолската Клиничка болница и проф. д-р Сашо Кочанковски, психолог и гешталт-терапевт.



Пред почетокот на работилницата и воведот беа дадени интервјуа за национални медиуми (МРТВ, Телма, МИА итн.) од претседателот на Мобилност Битола и од претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, како и од нашата членка со МС – Билјана Тодоровска. Од присутните гости се издвојува и поранешниот претседател на МНД – Битола, проф. д-р Борис Ангелков, како и гостите од неколку здруженија на Мобилност Македонија (Куманово, Скопје, Штип, Кочани, Струмица и Прилеп).

По воведот на претседателот Јанков, излагање имаше д-р Ирена, која многу речито, прегледно и едукативно ја прикажа проблематиката, со акцент на важните поенти, разбирливи за аудиториумот. Самото излагање содржеше повеќе новитети во лекувањето кои ги немаше во изминатите 11 години, вклучувајќи ги новите достапни лекови и дијагностички постапки.

Проф. д-р Кочанковски се претстави во неговиот препознатлив стил, добро познат на сите нас во последните 26 години. Овој пат, за улогата на гешталт-терапијата кај лицата со МС. Излагањата постигнаа полн погодок кај присутните и поради оптималната временска рамка, квалитетот на излагањата и раз-

бирливоста на термините, особено во текот на дискусијата што следуваше. Тука се вклучија повеќе членови на Мобилност Македонија, со или без МС. По богатата дискусија се искристализираа веќе понудените заклучоци, со напомена дека потребно е:

- збогатување на дијагностички неинвазивни постапки,
- збогатување на палетата на лекови со поголемо учество на новите генерации на лекови,
- создавање на регистар и евентуално на фонд,
- зголемување по потреба на физикална и балнео-терапија на 2 пати годишно,
- себеприфаќање како основен предуслов за откривање, регистрирање и активирање на лицата со МС,
- имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост,
- развојни планови од институциите на државно и на локално ниво,
- помош и разбирање од институциите на системот на државно и на локално ниво.

На мислење сме дека испратена е силна порака, прво на членовите на Мобилност Македонија, средината и институциите на системот. Времето ќе покаже колку оваа порака ќе стигне таму каде што е испратена, какви ќе бидат реакциите и со какви активности или неактивности ќе се покажат во иднина.

По завршувањето на програмата, присутните продолжија да се дружат на заеднички ручек.

Посебна благодарност до медиумите, националниот сервис МРТВ и МИА. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*





# КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ИППГ

На 30.10.2024 година, во Собранието на РСМ во салата „Борис Трајковски“, со почеток во 11 часот се одржа конститутивна седница на интер-партиска парламентарна група за правата на лицата со инвалидност. На конститутивната седница се обрати г. Африм Гаши - претседател на Собранието на РС Македонија, г. Никола Мицевски - претседавач на ИППГ, г- дин Јован Митрески и г-ѓа Весна Бендевска. По излагањата на пратениците, обраќање имаа и лицата со попреченост во насока на нивните очекувања и нивните видувања за процесите во поглед на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Во текот на овие дваесет години од своето постоење, ИППГ со својата работа стана препознатлив синоним за промовирање и унапредување на правата на лицата со попреченост.

Визијата за формирање и постоење на една ваква група беше таа да претставува спрега помеѓу организациите на лица со инвалидност и власта, гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на заедницата со попреченост пред народните избраници, и ќе помогне тие потреби да се вообличат во конкретни законски одредби кои ќе гарантираат остварување на правата и креирање на услови за еднакви можности.

*Б. Јовановски*



# НОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ

Годината 2024 полека изминува и веќе на прагот ни е Новата 2025... Годините се нижат како ѓердани, летаат како меурчиња од сапуница, но само делата и спомените се вечни!

Велиме кои се делата на ова прекрасно здружение, а кои се спомените?

Драги наши членови, ги имаме замислените страници на нашата ФБ-книга која говори за авторот на делото во кое се наоѓаат забележани активности како; атлетика, куглање, бочање, работилница за накит, работилница за декупаж, многу работилници со доктори, мотиватори, едукатори, психолози, панел-дискусии, учества во проекти кај наши збратимени здруженија во градот, државата и надвор од неа, марш за видливост и еднакви можности, друштвени активности со излет и прослави, детски претстави, медиумски учества, донаторски подвизи, помош од правни служби, многу дружење итн.

Кои се пак спомените?

Се разбира трофеите, плакетите, предметите во витрината на нашиот хол во домот, достигнувањата во заедницата, силните пораки во јавноста, моќта на влијанието врз поединецот, фотографиите, видеата, миговите на восхит и секако чувството на припадност.

Ете, токму со една ваква прекрасна забава, Мобилност Скопје го круниса делото на оваа и доаѓањето на Новата година, односно во прекрасната сала на ресторанот „Рагуза“ на 22 декември, со голема поддршка од страна на Мобилност Македонија, ја одржавме незаборавната Новогодишна прослава. На неа присуствуваа голем број членови од Мобилност Скопје, членови од повеќе градови на Мобилност Македонија, пријатели од Србија и многу наши верни поддржувачи како што се нашата незаменлива д-р Соња Бојациева, градоначалникот на општина Гази Баба, Бобан Стефковски, претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, група „Круна“ и други.

Оваа средба беше голем мотив да најави следна успешна година, а фотографиите говорат за магичната атмосфера и незаборавните мигови.

СРЕЌНА НОВА 2025 ГОДИНА!

Многу здравје, бериќет и топлина во душите!

*Христина П.*









# ИНКЛУЗИВНОСТА ВО ПРАКТИКАТА



Инклузивноста како поим сè почесто ја среќаваме при разни дискусии на трибини, работилници и во средствата за јавно информирање. Подолго време и ние во здруженијата дискутираме на таа тема поради потребата да се вклучиме како лица со попреченост во сите општествени текови на рамноправна основа како и сите други граѓани. Инклузијата ни е неопходна заради гетоизацијата со која долго време се соочуваме, а само рамноправната застапеност наша во општеството и во сите негови текови, може да нè направи корисни и исполнети граѓани.

Важно е да се напомене дека инклузивното образование не е само законска обврска, туку и општествен процес кој бара ангажираност на сите актери во образованието:

- Училиштата: треба да создадат приспособено учебно опкружување на сите ученици;
- Наставниците: треба да бидат обучени за работа со ученици со различни потреби;
- Родителите: треба да бидат активно вклучени во образованието на своите деца;
- Локалната самоуправа: треба да обезбеди соодветни услови за реализација на инклузивното образование

На оваа тема во интервјуто кое следува ќе позборуваме со родител на дете со церебрална парализа, член на нашето здружение, за тоа каква е инклузијата во практиката и со кои тешкотии и предизвици се соочуваат во секојдневниот живот.

Најпрвин, Ве молам, да им се претставите на нашите читатели.

Јас сум Биљана Стефановска, мајка на дете со церебрална парализа на возраст од 6 години. Мило ми е што ќе имам можност да ги кажам искуствата од мојата секојдневна борба да му обезбедам на детето каква-таква вклученост во општеството и да го вклучам во активностите како и неговите врсници. Мислам дека слични ако не ни полоши искуства имаат и многу други родители на вакви деца, бидејќи во дискусиите со нив дознав дека сите се соочуваме со исти проблеми. Се надевам дека моето искуство ќе помогне некому полесно да ги преброди сите препреки.

Во каква состојба е Вашето дете?

Детето не зборува, но има гестовна комуникација со нас домашните. Детето е свесно за своите потреби, знае да ги искаже истите и совршено функционира дома. Прооде на 2,5 години, но нестабилен е во одењето, така што на нерамен терен и на скали му треба придружба.

Детето е на возраст кога треба да започне со настава во основното образование. Како го решавате тој проблем?

Согласно со позитивните законски прописи во нашата држава, сите деца со попреченост треба да имаат образовен асистент. Ама ова е голем проблем со кој ние се соочивме уште порано кога се обидовме безуспешно да го сместиме детето во градинка бидејќи во градинките немаа соодветно обучен персонал да може да се грижи за вакви деца и да ги воспитува. Исто така нема вработено ни асистенти кои би можеле да ги прифатат овие деца, кои треба да бидат згрижени и да им ги задоволат нивните потреби и што е најбитно да ги социјализираат децата за да можат подоцна поуспешно да се вклопат во основното образование.

Дали сега детето учи во редовното образование со останатите деца или во специјализирано училиште?

Според новата рекатегоризација од страна на Службата за функционална проценка на деца и млади, децата со посебни потреби се запишуваат во редовното реонско училиште според местото на живеење, но истовремено посетуваат и Центар за поддршка за деца со посебни потреби каде што под надзор на логопеди и дефектолози како стручни тимови посетуваат индивидуални часови во согласност со состојбата и потребите на детето.

Дали посетува настава во редовното училиште?

Моето дете посетува настава во училиштето „Елпида Караманди“ со помош на образовен асистент заедно со сите други деца запишани во основното образование. Меѓутоа, наставата за сите други деца започна навреме, на 1 септември, а за децата со посебни потреби таа започна речиси со два месеца задоцнување заради тоа што не добија асистенти навреме од страна на државата.

Како и дали напредува детето во образованието?

Образованието е долг процес и зависи од многу фактори. Ние имавме среќа да добиеме млада и многу амбициозна образовна асистентка полна со емпатија кон овие деца и трудољубива така што цел тој нејзин труд се гледа и на детето и има резултати и напредок. Напредокот ние го гледаме во тоа што детето сега полесно и сè подолго ја посетува наставата и го задржува вниманието и концентрацијата, па како резултат на тоа ги исполнува целите и ги изработува задачите зададени од асистентот.

Согласно со посебната програма сè уште не се изучува азбуката и бројките а има три нивоа на нивното образование. Илија е сега во првото ниво и неговото учење е главно преку слики и едноставни задачи. Се надеваме дека процесот ќе продолжи успешно и дека ќе напредува во второ ниво и секако и трето во скора иднина.

**Како е прифатено детето во редовната настава?**

Можам да кажам дека, за мое пријатно изненадување, многу добро е прифатено пред сè од другите деца во класот и учителката која има беспрекорен однос кон него. На оваа возраст децата сите се гледаат исто и не ги забележуваат мно- ▶

гу разликите така што не гледаат дека детето е со попреченост и дека е различито од нив. Тие деца во него гледаат другарче, сакат да го играат и да се дружат и тој на некој начин им стана миленичe. Мислам дека кога децата ќе пораснат, ќе станат свесни за разликите и недостатоците и претпоставувам дека тогаш би можеле да се јават некои асоцијални тенденции. Се надевам дека во тој период полесно ќе се премостат разликите и дека децата ќе си останат другарчиња и ќе изнајдат начини за комуникација и дружење.

Инклузијата, колку што мене ми е познато, ги опфаќа градинките, основното и средното образование. Со оглед на тоа дека едвај се обезбедија образовни асистенти за основното образование, мислам дека сè уште сме далеку од остварување на целта да се постигни целосна инклузија во задолжителното образование. Сега моментално нема асистенти за градинки и средно образование и не знам како овие деца ќе можат да го завршат целосно образовниот процес кој е задолжителен за сите.

Сакам да кажам и тоа дека не се образовани ни наставниците како да ја изведуваат наставата за овие деца, а не се приспособени ни наставните програми во училиштата, бидејќи, замислете, задолжителни предмети и за овие деца се англиски јазик, физика и хемија а децата се со некој степен на интелектуална попреченост така што невозможно е да ги разберат овие предмети и да го совладаат градивото.

Има и други проблеми и тешкотии во образованието откако се укинаа специјализираните паралелки во училиштата. Сега се воведоа центри за поддршка во училиштата и сите деца се во редовното образование со тоа што децата со попреченост ги посетуваат паралелно и овие центри каде што се држат индивидуални часови. Училиштата не се приспособени за потребите на лицата со попреченост бидејќи нема ни рампи за пристап до училиштето и просториите внатре, нема лифтови, нема приспособен санитарен јазол, ни асистивна технологија и помагала. Поради ова замислената и планирана инклузија во практиката е невозможно да се реализира во целост, а персоналот во училиштата е присилен да импровизира. Претходно споменав дека нема вработени стручни лица кои би можеле да им помагаат на децата во совладувањето на наставната програма со стручни совети на децата и родителите кои активно се вклучени во образовниот процес заедно со наставниот кадар.

Јас се прашувам во моменталната состојба со училишниот кадар и необученоста на наставниците и персоналот во училиштата како тие би се поставиле и снашле и како би образовале едно слепо или едно целосно глуво дете. Во Битола постоеше училиште за глуви деца кое сега е Ресурсен центар и центар за поддршка на деца со попреченост „Кочо Рацин“ – Битола од каде што доаѓаат образовните асистенти. Овие асистенти се во работен однос во оваа установа и одат секаде каде што има потреба од нив во редовните училишта. Колку што мене ми е познато, единствено остана училиштето за слепи и слабовидни лица „Димитар Влахов“ во Скопје и не се пренамени како другите специјализирани училишта.

Какви се Вашите размислувања за членувањето на Вашето дете во Мобилност Битола?

Јас, како родител на дете со церебрална парализа, сум многу задоволна од членувањето во Мобилност Битола, пред сè од залагањето на раководството и останатите членови за решавање на сите проблеми со кои се судрувате во секојдневниот живот. Ваша заслуга е изградбата на многу пристапни рампи во градот и за многу трибини, работилници и манифестации со кои се анимира и запознава јавноста со проблемите на лицата со попреченост. Јас секогаш кога сум во можност земам учество во активностите кои ги спроведувате, а особено ми се допаѓа можноста да се користат апартманите во Охрид за одмор и рекреација. Имав можност минатата година да го искористам тоа право и можам да кажам дека тоа е единствен начин, сосема без пречки, да се оди на одмор каде што десет дена се дружевме со останатите членови и се оствариjа пријателства кои траат и денес.

Посебно сакам да нагласам дека сум многу задоволна од ангажирањето на стручни лица при организирањето на тематски работилници каде што може да се научи многу, а и да се добијат стручни совети и мислења за одредени дијагнози и проблемите во врска со инвалидноста.

Дали сте активни и во други институции?

Зедов учество во работата на Општина Битола, односно при изработката на буџетот. Оваа година се организираа буџетски форуми каде што граѓаните предлагаат разни проекти. Моите предлози при работата на овој форум беа насочени кон социјалните услуги на Општина Битола. Моето мислење е дека овие социјални услуги на општината треба да се зголемат и предлагав зголемување на средствата за таа намена како би се добиле поквалитетни услуги.

За жал, иако повеќето од присутните граѓани беа повозрасни лица, особено пензионери на кои им требаат разни видови на социјални услуги, моите предлози не добија доволно гласови и преовладаа инфраструктурните инвестиции. Жалам што граѓаните немаат доволно свест дека нема доволно старски домови, а постојните се со мал и недоволен капацитет, нема доволно градинки, а постојните се секогаш исполнети и нема можност за задоволување на потребите, недостасуваат образовни и лични асистенти и асистенти за нега на стари лица во домовите.

Овде ќе кажам нешто што нема да им се допадне на Општина Битола и на функционерите вработени таму. Замислете само што се случи минатата година. Општина Битола со одлука ги пренамени средствата од буџетот за социјални услуги за покривање на трошоците на градинките и родителите три месеци не плаќаа за користење на градинката по 1.500 денари. Која е логиката при два вработени родители да ги ослободуваш од плаќање на таа услуга, а нашите деца со попреченост не можеме да ги сместиме во градинка, иако им доставуваме еден куп документи.

Јас сè уште низ разни здруженија и форуми се борам за правата на лицата со попреченост и поддршката од Мобилност Битола многу ми значи со оглед на тоа што сте најмасовно и најактивно здружение не само во Битола туку и во Македонија.

Ви благодарам за просторот што ми го отстапивте и можноста да ги изнесам моите искуства.

*Митко Фидановски*

# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА „ПОЈАДОК СО ХЕМА-ОНКО“, ЗАЕДНО ВО ПРЕВЕНЦИЈА ЗА РАК НА ДОЈКА

Розовата панделка за месец октомври, светот ја препознава како тотем на цивилизацијата во борба за превенција и лекување на рак на дојка. Следејќи ја важноста на оваа панделка и трендот на месецот, кој нуди широка лепеза настани посветени на оваа болест, нашите пријатели од „Хема Онко“ на 19.10.2024 година, на локацијата Школка во Градскиот парк во Скопје, организираа голем настан со повеќечасовна програма под наслов „Појадок со Хема-Онко заедно во превенција и свест за рак на дојка“. На овој настан со претходна покана, Мобилност Скопје пред сѐ како здружение кое има постојана комуникација со организаторите, но и како здружение кое директно е засегнато од темата за своите членови, зеде активно учество на средбата и се запозна со сите предизвици што ги носи овој вид карцином.



Градскиот парк беше розово обоен, полн со панделки и рози, балони, штандови, транспаренти и голем број ведри и храбри лица кои сјаат со порив за живот и надеж како пример за идни потенцијални борци против овој демон. Плачевме, се смеевме, игравме, се едуциравме, дадовме почит за одлетаните пеперутки, но и сите заедно дадовме ветување дека активно ќе дејствуваме како заедница за сѐ поголема свест, превенција и едукација. На настанот зедоа учество претседателката на Македонија, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова, голем број доктори специјалисти од повеќе установи ширум нашата република, медицински сестри, здруженија засегнати од темата, ортопедски куќи и голем број граѓани директно или индиректно поврзани со темата и организаторите. Програмата започна со здрав појадок за сите присутни по кој следуваше поздравниот говор од страна на тимот на „Хема Онко“, едукативните излагања на д-р Даниела Поповска, д-р Гордана Петковска, д-р Наташа Толеска-Димитровска, поддршката од претседателката и системот, мотивирачкиот говор на едукатор-мотиватор д-р Жарко Костиќ и сето тоа проткаено со прекрасните вокали за оригиналните хитови испеани од страна на хорот „Фрида“, под диригентската палка на г-ѓа Сузана Турунџиева. Крајот на денот еволуира со исход од неколку чекори без кои оваа битка нема да успее, односно со;



- промени во позитивната листа,
- нови протоколи во лекувањето,
- нова и олеснета скрининг програма,
- долгорочна стратегија за превенција и
- мултидисциплинарен пристап во лекувањето.

Мобилност Скопје се приклучува кон констатацијата дека ова заболување се однесува за сите нас и нашите најблиски и дека тоа не избира ниту раса, ниту статус, ниту степен на инвалидност, ниту прашање дали ќе биде примарна или секундарна болест, туку напротив секој од нас, а особено женската популација е прво повикана за темата. Токму поради сето погоре изнесено, здружението останува фокусирано кон сите предизвици кои ги нуди животот и подобрување на здравјето на своите членови, нивна ургентна информираност и брза едукација за непознатото во сферата на онкологијата.

*Христина П.*

# НОВОГОДИШНА ПРЕТСТАВА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАКЕТЧИЊА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ЧЛЕНОВИ

"Мобилност Скопје", традиционално секоја година, свечено и магично ја испраќа старата година со своите најмлади членови и заедно со нив, го најавува доаѓањето на новата.

Следејќи ја традицијата, на 28.12.2024, во големата сала на ДХО„Даре Џамбаз", нашите пријатели од театарот „Среќа", ја изведоа детската претстава „Дедо Мраз не сака сите" во режија на Викторија Анѓушева и актерската екипа во состав: Ѓорѓи Тодоровски-Трупче, Елизабета Клинчаровска Младеновска, Симон Манасковски и Елена Трајковска, по која следеше доделувањето на новогодишните пакетчиња. Детските насмевки и нивните воздишки на радост, ја облеваа салата со ѕвезден сјај, а нивните души говореа за возбудата која ја создаде овој магичен ден.

„Мобилност Скопје" им се заблагодарува на сите наши поддржувачи без кои овој настан немаше да добие вакво руво, и тоа: „Град Скопје", „Комерцијална банка", Општина „Аеродром", Општина „Гази Баба", „Алкалоид", ММСА (Македонска медицинска студентска асоцијација) со нашата драга д-р Соња Бојаџиева и се разбира театарот „Среќа".

Здружението на овој прекрасен ден и со своите најмлади членови, ја круниса старата 2024 година, а воедно и наговести дека во новата 2025 година ќе продолжи со истиот елан за уште поголеми успеси.

Среќна Нова 2025 година!!!

*Христина П.*











# ДЕФИЛЕ НА ШИРОК СОКАК 2024

На 6 октомври 2024 година, под мотото „Се движам, значи постојам", Мобилност Битола го одржа традиционалното Дефиле на Широк Сокак. Во убаво време, сончево и топло, педесетина членови и гости од Куманово, Штип и Кочани, во 10 часот се собраа на плоштадот „Магнолија", каде што непосредно пред самото дефиле беа дадени изјави за националните и локалните медиуми.

Годинашното мото на Дефилето е инспирирано од познатата изрека на Рене Декарт од 1673 година „Cogito ergo sum" (Мислам значи постојам), кое за нас гласи „Се движам, значи постојам", со чекори во ритамот на пишаниот збор се премостуваат/исчезнуваат бариерите и непристапноста. Зборовите летаат на крилјата на пишаниот збор и стигнуваат насекаде. За нив нема бариера, нема непристапност.

Заложбите овој пат беа преточени во поетски чекори на пишаниот збор. Тоа беше вовед во вториот дел од настанот – поетско читање – што се одржа во просториите на ресторанот „Корзо". Овде учесниците од поетскиот конкурс на Мобилност Битола и ЛК „Изгрев" – Демир Хисар, премиерно ги изведоа своите творби, а критиката ја дадоа членовите на ЛК „Изгрев" и водителите на настанот – Кире Огненовски и Билјана Тодоровска. Поздравени со силен аплауз, наградените автори Зоран Котевски, Василчо Илиев и Миладин Угреновиќ се закитија со симболични награди – пакет книги, кои им ги врачи претседателот прим. д-р Нико Јанков. По завршувањето на поетскиот дел, присутните ја продолжија дружбата во пријатна атмосфера која траеше до попладневните часови.

Како за сите тематски настани и активности на Мобилност Битола, така и овој пат беше изработен плакат и леток, отсликувајќи го годинашното мото, дело на нашиот долгогодишен соработник Горан Талевски. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*









# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА УЧЕСТВО ЗА ТЕМА „ВАКЦИНАЦИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА“





Во тесна соработка и покана од страна на здружението „Хема“ и „Сано“, Мобилност Скопје на 8 октомври 2024 година, во хотел „Парк“, учествуваше на предавања и панел- дискусија на тема „Пневмококна болест и вакцинација за превенција од развој на тешки заболувања од неа“.

На состанокот учествуваа голем број доктори, медицински сестри, студенти по медицина и граѓани заинтересирани за темата. Предавањата ги одржаа проф. д-р Катерина Ставриќ и проф. д-р Александра Гроздановска кои говореа за етиологијата на болеста, нејзиното дејство, превенција со вакцинација и секако даваа одговори на поставени прашања од страна на присутните.

Streptococcus pneumoniae претставува бактерија која предизвикува развивање на пневмококна болест, која по степенот на морбидитет и морталитет како и огромен економски товар на здравствениот систем, претставува еден од најважните јавно-здравствени проблеми низ светот. Од оваа бактерија се проценува дека во широки размери предизвикани се заболувања од типот пневмонии, воспаленија на средното уво, ХОББ како и значајни воспаленија на мозочните обвивки. Поради сериозноста од оваа бактерија, а по примерот на високо-здравствено одговорните држави во светот, Македонското здравство во 2019 година ја воведе вакцината против стрептокока во задолжителната карта за вакцинација на деца и возрасни и успешно котира во процентот на превенција на населението од неа.

Предавањето, исто така, беше посветено за вакцинација на пациенти со хронични состојби/заболувања кои имаат дилеми околу апликација на вакцината и во тој контекст претставниците од Мобилност Скопје поставија повеќе прашања;

-Дали лицата кои имаат хронични автоимуни заболувања може и треба да се вакцинираат, дали е стигма дека од вакцината е можно развивање на полио заболување, дали лицата што се со потешка телесна попреченост или лицата што примаат имуносупресивна терапија може да се вакцинираат и слично. Професорите внимателно одговорија на сите наши поставени прашања и се потрудија да дадат вешто образложение со стручна експертиза за нив, по која се развија дискусија со дебата, односно констатиравме дека оваа тема заслужува поголем простор и учество на поширок аудиториум од сферата на лицата со телесен инвалидитет. За да може панел-дискусијата да прерасне во вистинска едукативна работилница за нашите членови, Мобилност Скопје ги покани организаторите и професорите во нашиот дом на заедничка следна средба, на која заедно ќе ги чуеме одговорите од овој настан, но и сите одговори од многуте непоставени прашања во хотел „Парк“.

*Христина П.*

# ИЗЛЕТ И ТЕМАТСКА СРЕДБА ВО КРУШЕВО

На 20 октомври 2024 година, Мобилност Битола го организираше традиционалниот излет, сега збогатен и со тематска средба насловена „Се прифаќам таков каков што сум“, со сите свои телесни недостатоци. При планирањето на активностите ја прифативме желбата на нашиот активен член, неговото високо првосвештенство, митрополитот крушевско-демирхисарски г. Јован, да зборува на оваа тема. Оваа провокативна тема беше избрана бидејќи оваа тематика досега не е обработувана, ниту пак перспективата на лицата со телесна инвалидност.

Со адаптиран и пристапен автобус на нашите пријатели од „МИГ Травел“, околу триесетина членови на Мобилност Битола пристигнаа кај манастирскиот комплекс „Св. Преображение“, кој се наоѓа десетина километри од Крушево, над 1.700 метри надморска висина, каде што им се придружија и пријателите од Мобилност Штип, Мобилност Кочани и Мобилност Куманово. Веднаш по пристигнувањето, присутните им се придружија на членовите на семејството на Тоше, на парастосот по повод 17 години од неговото прерано заминување во 2007 година. Потоа, главниот настан – тематската средба – се одвиваше во адаптираниот конак, каде што експресно беа подготвени пристапни рампи на влезот и до тоалетот.

Отворајќи ја средбата, претседателот на Мобилност Битола, прим. д-р Нико Јанков, на митрополитот г. Јован му врачи скромни подароци – две лиценцирани копии на ранохристијан-

ски икони од Виничко Кале, благодарение на нашите пријатели од Мобилност Кочани. Потоа следуваше воведното излагање на митрополитот г. Јован на темата „Се прифаќам таков себеси со сите телесни недостатоци“. Излагањето беше колаж од научни, ненаучни и теолошки размислувања за инвалидноста/попреченоста и неговата димензија во просторот и времето. Имаше и дискусија од неколку членови од нашите здруженија со лични размислувања и перспективи. По завршувањето на средбата, сите присутни беа поканети на ручек, како гости на митрополитот г. Јован, кој поединечно се поздрави и ги испрати сите со по еден подарок – приврзок крст и хартиена копија од икона. Снимката од целиот настан можете да ја погледнете на Јутјуб, со скенирање на QR кодот со вашиот мобилен телефон, кој ќе ве одведе до самото видео.

На самиот крај следуваше и групно фотографирање пред црквата, а потоа и кратка прошетка кај Гумење, каде што членовите прошетаа до Крушевското Езеро и Македониумот, а го посетија и гробот на Тоше и на неговиот татко, кој почина во мај годинава.

Сѐ на сѐ, овој настан помина во пријатна атмосфера од почеток до крај, а присутните си заминаа дома со позитивни впечатоци и збогатени со нови искуства и сознанија. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*







# КОНЦЕРТ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ

Во рамките на своето дејствување и потрагата по изнаоѓање начини за подигнување на јавната свест за остварување на правата на телесните инвалиди, неколку години по ред, Мобилност Скопје го проектира музичкиот настан насловен „Музички концерт за еднакви можности". Преку ваквиот начин за изразување на талентот кој го поседува лицето со инвалидитет и истовременото негово учество со реномирани вокалисти и музичари од естрадата на заедничко плато, проектот ја поентира замислата „сите сме исти под ова небо" но во исто време и ја крши стигмата за минорноста на лицата со инвалидитет во општеството.

Поставувајќи ја рамката за настанот, со огромна радост здружението одлучи овој концерт да го посвети на Светскиот ден за лицата со церебрална парализа, односно да ја нагласи огромната потреба за внимание врз овие лица во заедницата, нивниот комплексен живот и комплицирано секојдневие, но сепак обелоденувајќи дека тие се храбри, моќни, вредни и доволно талентирани за да бидат еднакви пред загарантираните права на човековото семејство во светот. За да може експлицитно и ургентно да се канализира пораката, на концертот покрај сите гости во публиката беа повикани голем број доктори, медицински лица, политичари, претставници од советот на општините и јавни институции, голем број музички афирмирани и талентирани артисти како и лица од јавниот живот на град Скопје.

Имено, на 6 октомври, на бината од плоштадот во населба Автокоманда, шармантната водителка **Викторија Петровска** го отвори настанот, со извонреден воведен говор за Денот на церебрална парализа (6 Октомври) и целите на Мобилност Скопје. Таа го повика градоначалникот на општина Гази Баба, г. **Бобан Стефковски**, кој им се обрати на присутните, истакнувајќи вредни зборови за лицата кои се борци за достоинствен живот во ова општество, за кои Гази Баба како општина секогаш ќе биде тука да ги поддржува овие лица во намерите како и здруженијата налик на Мобилност Скопје, кое беспрекорно ги актуализира нивните права и ја води битката за нив преку ваков и сличен тип на активности каде што се нагласува талентот како алатка за еднакви можности. Концертот го музицираше незаменливата група „Круна", предводена од Орде Неделковски, која заедно со прекрасната Милица Кузмановска, шармантниот Благоја Груевски, харизматичниот Маријан Коцев, артистот Чорбевски, нашите членови Марија, Гоце, Николчо, Зорица, Христина, Ангел и Ванѓа, создадоа музички хепенинг за паметење.

Присутните на плоштадот аплаудираа восхитено, полни со насмевки на секој еден настап, а притоа експресијата на прекрасно поминат ден на концертот во Автокоманда, не го криеше ниту еден присутен во публиката или, пак, случаен минувач по патеките на плоштадот.

Мобилност Скопје се заблагодарува за поддршката и верното пријателство со Катедрата за педијатрија при Клиничкиот центар во Скопје, предводен од д-р Соња Бојаџиева,





Македонската младинска студентска асоцијација (ММСА), Клиниката за торакалус и ортопедија при Клиничкиот центар во Скопје, Кабинетот на претседателката на РМ, пратеници од парламентот на РМ, верниот наш пријател, легендарниот музичар на групата „Меморија" - Петар Ѓоргиевски, Слаѓан Милошевски, камерман при МТВ, ССРИ Битола, сите чинители и пријатели на концертот, но секако најголема благодарност за нашиот верен покровител на настанот, градоначалникот Бобан Стефковски.

Се гледаме на следниот концерт!

*Христина П.*

# ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА

На 15 декември 2024 година, во ресторанот „Корзо“ во Битола, Мобилност Битола традиционално организираше предновогодишна забава, на која присуствуваа шеесетина членови и гости. Тука особено би го издвоиле присуството на екипата на Мобилност Штип.

Забавата ја прогласи за отворена претседателот прим. д-р Нико Јанков, кој во кусото обраќање нагласи дека настанот е во целосна организација на Мобилност Битола (без партиципација на гостите), благодарение на средствата од завршениот проект „Алтер трип“, од кои во последните три години практично сите наши чествувања се потполно покриени и членството, досега немаше финансиски импликации во ваквите настани. Потоа, во опуштена атмосфера со музика од реномираниот ансамбл „Носталгија“, присутните уживаа во дружењето и одличното мени на нашите домаќини од ресторанот „Корзо“, послужено од брзите и исполнителни млади келнери.

Во таква атмосфера, неколкучасовната забава помина како во еден здив. Испраќајќи ги гостите и членовите, раководната структура на здружението си зеде обврска за организација и на следниот традиционален настан – прослава на Стара нова година/Василица, која се слави во приватен аранжман. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*











# ОДРЖАНА ВТОРАТА ИНКЛУЗИВНА ТРКА ВО ГЕВГЕЛИЈА – ПОЗНАТА ПОД ИМЕТО RUN TOGETHER

Во чест на Денот на ослободувањето на Гевгелија се одржа спортско славење, познатите улични трки низ Гевгелија, со многубројни учесници, публика и поддржувачи. Настанот беше во организација на Атлетски клуб „7 Ноември", Гевгелија, Фондација „Ице Бегов" и Општина Гевгелија. Настанот беше организиран за повеќе групи учесници од основните и средните училишта во Општина Гевгелија На настанот имаше шест трки, две за возрасни на патека од 5 и 10 километри, три детски трки во должина од 1 километар и по втор пат инклузивна трка „Run together", во која учествуваа лица со попречености и нивни поддржувачи и лични асистенти.

На настанот зедоа учество 60 атлетичари од 15 светски земји со што трката беше од меѓународен карактер. Меѓу нив беа и државниот првак на Македонија на 10 км, Дарио Ивановски, како и првакот на многу Балкански трки, Мароканецот Мохамед.

Најмногу поддржувачи и навивање имаше за инклузивната трка која се одржува за првпат во Гевгелија и во Македонија. Пораката беше: „Сите сме заедно, сите трчаме, сите се радуваме на празникот 7 Ноември, Денот на ослободувањето на Гевгелија. На трката зедоа учество многу здруженија на граѓани, Мобилност Гевгелија и членови на фондацијата „Ице Бегов".

Учесниците од Мобилност Гевгелија и членови на фондацијата „Ице Бегов", на крајот на трката, покрај спонзорираните спортски маици, беа наградени со медали бидејќи и покрај инвалидитетот и тешката состојба со подвижноста ја истрчаа предвидената патека од еден километар.

На овој ден улиците на Гевгелија беа преполни со луѓе од земјата, но и од странство. Исто така улиците и градскиот плоштад беа преполни со штандови на кои се нудеа и подаруваа производи и храна.

Со тоа упатуваме огромна благодарност на поканата за учество од страна на фондацијата „Ице Бегов" и главниот организатор на трката, г-ѓа Елена Бегова, од Гевгелија. Исто така упатуваме благодарност и до Атлетски клуб „7 Ноември Гевгелија" и до Општина Гевгелија.

*Валерија Пеева*







# ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА ЗА ПРИДОНЕС НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ ЗА ДОДЕЛЕНО ОРТОПЕТСКО ПОМАГАЛО НА ЧЛЕН НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА

Здружението на лица со телесен инвалидитет Мобилност од Гевгелија додели плакета на г. Блаже Шапов – градоначалник на општина Богданци за огромниот придонес за членовите од здружението Мобилност Гевгелија и подобар живот на лицата со телесен инвалидитет, од Општина Богданци и од населените места Стојаково и Ѓавато, членови на здружението



Мобилност Гевгелија. Неколку претставници на здружението на 19.12.2024 остварија средба со градоначалникот на општина Богданци, г. Блаже Шапов, и упатија благодарност за донацијата на електромоторна количка - скутер, додаток за инвалидска количка, кој беше набавен за потребите на член на здружението и тренерки за членовите кои се учесници на спортски натпревари.

Членовите на Мобилност го информираа градоначалникот за тековните активности и остварените резултати оваа година и за нивните планови во наредните период.

Градоначалникот им посака успех и добро здравје во Новата година и ја укажа својата поддршка и во наредниот период.

*Валерија Пеева*

## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

**Под кое име почна да излегува весникот на Мобилност Македонија?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

**„Феникс 86“.**

Во канцеларијата на Мобилност Македонија во дадениот рок пристигна многу мал број на писма, но сите со точен одговор. Добитникот на наградата во овој број на списанието е:

## КРИСТИНА ВЕСКОВСКА

член на „Мобилност Скопје“

Наградата е викенд за две лица во хотелот **„Струшки Галеб“** во Струга со платени трошоци за превоз во висина на автобуската карта. Наградата може да се користи од **1 мај до 30 септември** во 2025 година.

Донатор на оваа награда е управникот на хотелот „Струшки Галеб“ во Струга. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“ на телефон бр.: 070 277 304.

Веруваме дека наградата викенд за двајца во Струга е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

Се надеваме дека интертесот за наградната игра во наредниот период ќе се зголеми, а ние ветуваме дека поставените прашања ќе бидат полесни. Во овој број очекуваме одговори на што поголем број на наши членови-читатели на весникот.

Наградно прашање за овој број на весникот гласи:

**„Мобилност Македонија“ за своите членови организира одмор и закрепнување во Охрид во сопствените капацитети.**

Прашањето за овој број на списанието „Мобилност“ гласи:

**Дали Мобилност Македонија освен во Охрид, поседува објекти за закрепнување, рехабилитација и одмор и на друга туристичка локација?**

Одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека доколку сте редовен читател на весникот МОБИЛНОСТ и учествувате во работата на Мобилност Македонија треба да го знаете одговорот на ова прашање.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса „Мобилност Македонија“ на ул. „11 Октомври“ 42-а Скопје, со назнака **ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**, најдоцна до **30 април 2025 година**.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кој го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд покрај Охридското Езеро во Струга.

*С. Прчева*

# СПРОВЕДЕНА ОБУКА ЗА ПАРА СПОРТ ЛИДЕРСТВО ЗА ЖЕНИ

Од 1 до 3.11.2024 година, во организација на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, а со средства од грантот на Меѓународниот параолимписки комитет за поддршка на националните параолимписки комитети, во хотелот „Конгресен центар“, во Охрид, беше одржана обука на тема „Параспорт лидерство за жени“, на која учествуваа 22 жени - спортистки и спортски работнички од здружените членки на федерацијата.

Презентери на работилницата беа: Татјана Блажевска од Министерство за спорт, Бранимир Јовановски и Драган Дојчиноски од Параолимпискиот комитет на Северна Македонија




| 1 ноември 2024 година (петок) | |
|---|---|
| До 17:30 | Пристигнување и сместување на учесниците |
| 19:30 – 21:30 | Работна вечера на учесниците |

| 02 ноември 2024 година (сабота) | |
|---|---|
| 10:00 – 10:10 | Регистрација на учесниците |
| 10:10 – 10:20 | Поздравен говор на претседателот на ПКСМ, Бранимир Јовановски и претставување на IPC грантот |
| 10:20 – 10:45 | Тема: Организациска поставеност на НФСРИСМ-ПКСМ и здружените членки – презентер Драган Дојчиноски |
| 10:45 – 11:00 | Прашања и одговори |
| 11:00 - 11:30 | Тема: Еднаквост и недискриминација – презентер, Татјана Блажевска |
| 11:30 - 11:45 | Прашања, одговори, дискусија и заклучоци |
| 11:45 - 12:30 | Тема: Лица со инвалидност – потреба од спортска рекреација и спорт, предизвици и бенефити |
| 12:30 – 13:00 | Прашања и одговори, дискусија и заклучоци |
| 13:00 – 14:30 | Заеднички ручек |

| 2 ноември 2024 година (сабота) | |
|---|---|
| 17:00 – 17:30 | Тема: **Препорака и совети за преземање мерки од државните органи и организации од областа на спортот заради спречување и борба против допингот во спортот – презентер,** Татјана Блажевска |
| 17:30 - 18:00 | Прашања, одговори, дискусија и заклучоци |
| 18:00 – 18:30 | Тема: Лидерство и менаџмент – презентер Бранимир Јовановски |
| 18:30 – 19:00 | Прашања, одговори, дискусија и заклучоци |
| 19:00 - 22:30 | Заедничка вечера и забава |

| 3 ноември 2024 година (недела) | |
|---|---|
| 10:00 – 11:00 | Тема: Состојба во НСФ со родовата еднаквост, нивни активности, мерки и новини – презентер Татјана Блажевска |
| 11:00 - 11:30 | Тема: Компарација на спортските постигнувања на најдобрите македонски спортисти со акцент на жените спортистки со резултатите на учесниците на Параолимписките игри Париз 2024 |
| 11:00 - 11:30 | Прашања, одговори, дискусија и заклучоци |
| 12:00 – 13:00 | Заеднички ручек |
| 13:00 - | Заминување од хотелот |

*Б. Јовановски*

# БРОНЗЕН МЕДАЛ ЗА ИГОРЧО ПОСТОЛОВ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР „ПОДГОРИЦА ОПЕН 2024“



Македонската репрезентација во пинг-понг во состав: Страшко Коцевски - селектор, Игорчо Постолов - класа 6, Марјан Зафировски - класа 7, Рубинчо Ристески - класа 8, Тони Митровски - класа 8 и Небојша Ташиќ - класа 9, од 11 до 14.12.2024 година учествуваше на меѓународниот турнир „Подгорица Опен 2024“, во Црна Гора, на којшто учествуваа спортисти од 6 држави: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска и домаќинот Црна Гора.

На 12.12.2024 година, на програмата на турнирот беа натпреварите во поединечна категорија по класи во машка и женска конкуренција. Нашиот натпреварувач во класа 6, Игорчо Постолов од Струмица, го освои 3. место и бронзениот медал. Првото место во класа 6 го освои Харис Еминовиќ од Босна и Херцеговина, а второто Хамид Подбичанин од Србија. Честитки за големиот успех на нашиот Игорчо.

Останатите наши натпреварувачи во поединечна конкуренција и покрај големата борба со противниците, не успеаја да ги поминат квалификациските групи и останаа без можност да се борат за медал.

На 13.12.2024 година на програмата на меѓународниот турнир „Подгорица Опен 2024“ беа натпреварите во екипна конкуренција. Натпреварувачите во машка конкуренција беа поделени во две групи, класи 6-7 и класи 8-10.

Во класата 6-7 учествуваа пет екипи кои играа секој со секого во една група, а нашите пингпонгари Игорчо Постолов и Марјан Зафировски со две победи и два пораза го освоија третото место и бронзениот медал.

Во класа 8-10 настапија Рубинчо Ристески и Тони Митровски, кои во конкуренција на 12 екипи поделени во две групи од по шест екипи, во групата „А“ го освоија четвртото место и со самото тоа не успеаја да се пласираат во натамошните борби.

*Б. Јовановски*











# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО СО ВОЗДУШНО ОРУЖЈЕ 2024

На 6.10.2024 година, на стрелиштето „Бејбунар“, во Охрид, беше одржано државно првенство во стрелаштво со воздушно оружје за 2024 година, во организација на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, а со финансиска поддршка од Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за спорт.

На првенството, на кое настапија 21 спортист, во 4 спортски категории, беа постигнати следните резултати:



Воздушен пиштол микс CX1

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Збир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Оливера Наковска Бикова | Битола | 94 | 92 | 89 | 90 | 95 | 89 | 549 |
| 2 | Ванчо Каранфилов | Скопје | 92 | 90 | 90 | 90 | 90 | 84 | 536 |
| 3 | Небојша Пејоски | Струга | 78 | 82 | 80 | 79 | 85 | 86 | 490 |
| 4 | Златко Биков | Битола | 71 | 70 | 84 | 77 | 78 | 76 | 456 |

Воздушен пиштол глуви и наглуви

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Збир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даниел Михајловиќ | Скопје | 89 | 88 | 85 | 88 | 93 | 89 | 532 |
| 2 | Светлан Седмаков | Скопје | 86 | 86 | 88 | 90 | 89 | 91 | 530 |
| 3 | Антонио Златковски | Скопје | 62 | 72 | 73 | 62 | 79 | 71 | 419 |





Воздушна пушка микс CX1

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Збир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Новча Тодоровски | Куманово | 88 | 79 | 86 | 76 | 329 |
| 2 | Мендо Дивјаковски | Битола | 75 | 79 | 69 | 77 | 300 |
| 3 | Елизабета Тодоровска | Куманово | 65 | 75 | 77 | 71 | 288 |
| 4 | Бранимир Јовановски | Куманово | 78 | 67 | 72 | 59 | 276 |
| 5 | Ванчо Каранфилов | Скопје | 77 | 68 | 61 | 58 | 264 |
| 6 | Олга Ристовска | Скопје | 61 | 69 | 70 | 49 | 249 |
| 7 | Благица Георгиевска | Гевгелија | 57 | 64 | 60 | 48 | 229 |
| 8 | Горан Џелајков | Гевгелија | 43 | 56 | 55 | 54 | 208 |





Воздушна пушка глуви и наглуви

| Пласман | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Збир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даниел Михајловиќ | Скопје | 72 | 57 | 60 | 75 | 264 |
| 2 | Светлан Седмаков | Скопје | 73 | 64 | 66 | 58 | 261 |
| 3 | Бурхан Махмудовски | Куманово | 57 | 50 | 54 | 47 | 208 |
| 4 | Маја Маркова | Скопје | 62 | 40 | 55 | 38 | 195 |
| 5 | Васко Марков | Скопје | 35 | 21 | 62 | 56 | 174 |
| 6 | Роберт Златковски | Скопје | 26 | 32 | 46 | 42 | 146 |

Судии на натпреварот беа: Валентина Гоцовска и Бранимир Јовановски, организација Драган Дојчиноски.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ПИНГ-ПОНГ

На 5.10.2024 година, во спортската сала „Јасмин“, во Кавадарци, во организација на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, беше одржано државното првенство во пинг-понг на кое учествуваа 44 спортисти (27 со телесен инвалидитет и 17 глуви и наглуви), поделени во 6 категории.

Во фер и спортска атмосфера беа постигнати следните резултати и пласмани:

Жени класи 6-10

1. Оливера Наковска Бикова - Битола;
2. Лилјана Мицовска - Кочани;
3. Олга Ристовска - Скопје;
4. Наташа Црвенковска - Битола;
5. Тајна Ристеска -Прилеп.

Мажи класи 3-5

1. Бранимир Јовановски - Куманово;
2. Зоран Јовановски - Струмица;
3. Михајло Михајлов - Кавадарци;
4. Васил Росомански - Кавадарци;
5. Илчо Кангов - Гевгелија;
6. Александар Јовановски - Скопје.







Мажи класи 6-8
1. Рубинчо Ристески - Прилеп;
2. Игорчо Постолов - Струмица;
3. Марјан Зафировски - Прилеп;
4. Тони Митровски - Скопје;
5. Ванчо Каранфилов - Скопје;
6. Антон Коцевски - Велес;
7. Златко Биков - Битола;
8. Николчо Делов - Кавадарци;
9. Дончо Чамбов - Велес;
10. Николчо Пеев - Гевгелија.

Мажи класа 9-10
1. Небојша Ташиќ - Куманово;
2. Дејан Алексовски - Скопје;
3. Ненад Диниќ - Скопје;
4. Страшко Коцевски - Куманово;
5. Огнен Илиески - Прилеп;
6. Кристијан Божиновски - Скопје;
7. Антонио Насковски - Куманово.

Жени глуви и наглуви
1. Маја Марковска - Скопје;
2. Севдија Велиова - Штип;
3. Марија Русовска - Скопје;
4. Анета Љомова - Велес;
5. Валбона Гикова - Кавадарци.

Мажи глуви и наглуви
1. Ристо Ѓиков - Кавадарци
2. Васко Марков - Скопје;
3. Томица Стојановски - Скопје;
4. Мустафа Велиов - Штип;
5. Трајко Гоговски - Скопје
6. Бурхан Махмудовски - Куманово;
7. Звонко Павловски - Куманово;
8. Мустафа Бекировски - Куманово;
9. Давид Пендев - Кавадарци
10. Даниел Михајловиќ - Скопје;
11. Тихо Русовски - Скопје;
12. Васил Љомов - Велес.

*Б. Јовановски*











# ПРВО МЕСТО ЗА ЕКИПАТА НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ШАХ ВО БАЊА ЛУКА

Од 27 до 29.9.2024 година, во Бања Лука, во организација на Сојузот на параплегичари, заболени од детска парализа и останати телесни инвалиди на Република Српска, се одржа 16. Меѓународен турнир во шах на кој учествуваа екипи од Србија, Федерација на Босна и Херцеговина, Република Српска и Северна Македонија.

Екипата на Мобилност Македонија ја сочинуваа првопласираните тројца натпреварувачи од државното првенство на Мобилност Македонија: Јанчо Ѓорѓевски, Горан Војновски и Изети Зекирија.

Турнирот за отворен го прогласи заменик министерот за социјална политика на Република Српска, а екипата на Мобилност Македонија победувајќи ги сите противници го освои убедливо првото место.

*Б. Јовановски*



# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ „КУМАНОВО 2024“

На 30.11.2024 година, во чест на одбележување на 3 Декември - Меѓународниот ден на лицата со инвалидност, Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово, со финансиска поддршка од Општински Сојуз на спортови Куманово и Националната федерација Спорт за сите, и со техничка поддршка од Гимназијата „Гоце Делчев» Куманово, која без надоместок го отстапи простор за игра, и Пongпонгарскиот клуб Куманово, кои стручно го спроведоа натпреварот под раководство на тренерот Мики Трендафиловски, одржа меѓународен турнир во пинг-понг со учество на 18 натпреварувачи од Србија, Црна Гора, Бугарија и Македонија.

Во категоријата мажи класа 6-8, првото место го освои Урош Гугољ од Црна Гора, второто Јордан Митев од Бугарија и третото Рубинчо Ристески од Македонија.

Во категоријата мажи класи 9-10, првото место го освои Дејан Башановиќ од Црна Гора, второто Дарио Стошиќ од Србија и третото Небојша Стојановиќ од Србија.

Настанот се спроведе во фер и коректна игра, а заврши со заеднички ручек и дружење на учесниците, нивните асистенти, тренери и организатори во ресторанот „Дома“, во Куманово. Гостите од Црна Гора, Бугарија и Србија беа сместени во хотелот Куманово Спа.

Благодарност до спонзорите и донаторите на овој, за нас величествен настан, кој придонесува за инклузија на лицата со инвалидност во општеството, преку спорт.

*Б. Јовановски*







# ОДРЖАН ПРВИОТ ИНИЦИЈАЛЕН СОСТАНОК НА ПАРТНЕРИТЕ НА ПРОЕКТОТ VIEWS (VOLUNTEERING FOR INCLUSION AND EMPOWERMENT WITH SPORTS)

Параолимпискиот комитет на Северна Македонија (ПКСМ) е партнер организација на проектот: VIEWS (Volunteering for Inclusion and Empowerment with Sports).

На 16 и 17 декември, во Брисел, ПКСМ претставен од проектниот менаџмент Нада Рочевска и Ангел Стаменковски, учествуваше на првиот иницијален состанок на партнерите на проектот: Volunteering for Inclusion and Empowerment with Sports (VIEWS) во партнерство со:

Center for European Volunteering(CEV), Brussels - координатор на проектот;

Asociatia Sportiva Corporate Games, Romania;

Fundacja Swim For a Dream, Poland;

Verband der Sportartikelerzeuger und Sportartikelhandler Österreichs;

Institute for Studies in Social Inclusion, Diversity and Engagement, Irland;

IPAK Institut Za Simbolno Analizo in Razvoj Informacijskih Technologij Velenje Zavod, Slovenia;

Equoras S.L. Italy.

Целта на овој проект е премостување на јазот во свеста и имплементацијата на инклузивно волонтерство во спортските организации. Преку поддршка на спортските клубови и овозможување поголемо учество на лицата со попреченост, имаме за цел да изградиме поразновидна и поинклузивна спортска заедница – место каде што секој може да напредува.

Инклузивното волонтирање не е само прашање на учество; тоа значи поттикнување на личен раст, отворање на професионални можности и создавање општество што ја цени пристапноста и инклузивноста.

Имено, Параолимпискиот комитет на Северна Македонија на почетокот на оваа година, благодарение на контактот и предлогот од Нада Рочевска, аплицираше на повикот на ЕРАЗМУС-СПОРТ-2024 со наслов на проектот: „Волонтирање за Инклузија и Зајакнување со Спорт“ како партнер организација. Проектот е со времетраење од 36 месеци.

Целта на проектот е социјална инклузија во и преку спортот на лицата со инвалидност, преку создавање на инклузивно општество, нивна целосна интеграција, еднакви можности, волонтирање.

Во динамичниот пејзаж на редовните спортски организации, потребата за инклузивни волонтерски програми станува сè повеќе очигледна. Додека некои ентитети ја прифатија инклузивноста во последниве години, други се соочуваат со предизвици кои се движат од ограничени информации за инфраструктурни ограничувања и недостаток на професионалци во областа. Моменталната состојба го одразува спектарот на инклузивност, со некои организации успешно имплементирање на инклузивни иницијативи, признавајќи ги придобивките од ангажирањето лица со попреченост.

Сепак, постојаните предизвици како што се физичката пристапност, трошоците и бариерите во ставот создаваат разлики во инклузивноста на волонтерските програми.

VIEWS се обидува да го адресира значителниот јаз во свеста и спроведувањето на инклузивни волонтерски програми преку редовните спортски организации. Неговата цел е да ги поттикне спортските организации и лицата со попреченост како корисници, поттикнувајќи повеќе разновидна и динамична спортска заедница. Инклузивното



волонтирање не само што овозможува активно учество во настани, секојдневна работа и но исто така се усогласува со пошироките општествени напори за создавање на достапни и пријатни средини. Препознавање на влијанието на забавната индустрија како одраз на општествените вредности, со луѓе со попреченост како волонтерски модели носи видливост и создава простор за зголемени можности на лично и професионално поле.

Во услови на позитивен тренд кон поголема инклузивност во програмите за волонтирање во спортските организации, овој проект има за цел да ги засили овие напори. Преку обезбедување на ресурси, подигнување на свесноста и олеснување на соработката, проектот настојува да го направи инклузивното волонтирање одржлив и составен дел од спортската заедница. Преку целни интервенции, проектот има за цел да ги надмине бариерите, осигурувајќи дека инклузивноста не е само тренд, туку трајна карактеристика која ќе придонесе за поправедна и поинклузивна иднина во светот на спортот.

*Б. Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖАН ЈУБИЛЕЈ, 60 ГОДИНИ ХРВАТСКИ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ



На Загреб, на 20.11.2024 година, беше одржана свечена академија по повод одбележувањето на јубилејот, 60 години успешно дејствување на Хрватскиот параолимписки комитет (ХПО).

Претседателот на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски и генералниот секретар Драган Дојчиноски, на покана од претседателот на ХПО, Ратко Ковачич, беа дел од овој свечен чин, а на академијата присуствуваа претседатели на повеќе параолимписки комитети од регионот и од Европа, како и претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет (ИПЦ), Andrew Parsons, и претседателот на ЕПЦ, Raymon Blondel.

Во билатерален разговор на претседателот на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски, со претседателите на ИПЦ Andrew Parsons и ЕПЦ Raymon Blondel, и двајцата изразија подготвеност да ја посетат Македонија, нашиот параолимписки комитет, и да остварат средби со претседателот на Владата на РСМ, претседателот на Собранието на РСМ, министерот за спорт, како и други носители на одлуки, со цел промоција и зајакнување на спортот на лицата со инвалидност во нашата држава.

Голема благодарност до претседателот на ХПО, Ратко Ковачич, за поканата за учество на овој грандиозен настан кој беше директно пренесуван на ХРТ1.

*Б. Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖАНИ 15. ГОДИНИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПАРАОЛИМПИСКИОТ КОМИТЕТ НА ЦРНА ГОРА

На 22.11.2024 година во хотелот „Рамада“ во Подгорица, во пригодна прослава со присуство на голем број на спортисти, спортски работници, спонзори, политичари, претседатели на параолимписките комитети од регионот и гости, беа одбележани првите 15. Години од меѓународното признавање на Параолимпискиот комитет на Црна Гора. Македонската делегација беше во состав Бранимир Јовановски – претседател на ПКСМ и Драган Дојчиноски – генерален секретар.

Благодарност до претседателот на ПКЦГ, Игор Томиќ, за поканата за учество на настанот, како и честитки за прекрасната организација на настанот, но пред сè на успешното водење на комитетот во претходните години, градејќи институционална препознатливост на ПКЦГ, со финансиска поддршка и стабилност.

*Б. Јовановски*



# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ТУРНИР ВО БОЧАЊЕ СЕВЛИЕВО - БУГАРИЈА



Новата параолимписка спортска дисциплина бочање, која неодамна влезе на голема врата во повеќе инвалидски здруженија и клубови во Македонија, донесе голема свежина со интерес за неа во сферата на спортот за лицата со инвалидитет. Мобилност Скопје како еден од првите промотори на бочање, може слободно да се истакне како здружение кое активно ја практицира оваа дисциплина и редовно организира и учествува на турнири посветени на неа. Таков еден престижен турнир, за кој неодамна добивме покана за учество, беше традиционалниот турнир на спортскиот клуб за лица со попреченост „АЛФА" од Севлиево, Бугарија, и Бугарската параолимписка федерација. Настанот се одржа во период од 27 до 29 септември 2024 година, каде што Мобилност Скопје, како претставник од Македонија, имаше чест по вторпат да учествува на 5. Интернационален турнир во бочање „Петанк – Севлиево 2024" во Бугарија. На него се натпреваруваа 28 учесници од 5 земји, односно Бугарија како домаќин, Србија, Италија, Македонија и Романија. За боите на нашето здружение се натпреваруваа шест члена, кои во парови формираа три тима под име, тим 1-Македонија, тим 2- Скопје и тим 3-Скопје 2, кои и покрај плејадата на врвни и долгогодишни натпреварувачи во бочање успеаја да го освојат петтото, осмото и 13. место. Турнирот се одржа во извонредна атмосфера со апсолутен спортски дух и по бесконечен број пати докажа дека спортот за лицата со инвалидитет претставува една од најмоќните алатки за социјализација, видливост, еднакви можности и брза интеграција во општеството. Придобивките од спортот за нашето здружение се главен атрибут кој континуирано го негуваме и тежнееме дисциплините како бочање да станат дел од акциониот план на здружението во наредните години.

Мобилност Скопје изразува огромна благодарност до организаторите на турнирот и ветува дека вмрежувањата во спортот секогаш ќе ги подржува со една цел, успех и добробит за своите членови и заедницата каде што тие гравитираат.

*Христина П.*

# ВО ГЕВГЕЛИЈА ОДРЖАН ТУРНИР ВО ТАБЛА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Во пресрет на 4 Декември - Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, во просториите на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Гевгелија, Мобилност Гевгелија, беше одржан првиот меѓуопштински и општински Турнир во табла познат под името „Марко Лазаров". Турнирот го одиграа членови на Мобилност Гевгелија, но и членови на Мобилност од другите општини во државата. Турнирот беше организиран и одржан во чест на Марко Лазаров – долгогодишен член на Мобилност Гевгелија и долгогодишен претседател на Здружението за спорт и рекреација на инвалиди ЗСРИ –Гевгелија, кој, за жал, во август оваа година почина по долго боледување, а одговорноста како претседател ја презеде Никола Пеев.

По одржување на турнирот, г. Ванчо Каранфилов ја додели наградата (Пехар) на Мобилност Гевгелија и, ЗСРИ Гевгелија. Пехарот беше освоен на Државното првенство во табла, што се одржа во Тетово, и во чест на Марко Лазаров го подари на Никола Пеев.

Исто така беа доделени и благодарници на учесниците на турнирот за освоено прво место на општинскиот на г. Дејан Атанасовски, второ место Никола Пеев и трето место Никола Марачков, кој ги додели Лазар Лазаров, син на Марко, а нему му беше доделена награда „Плакета за животно дело Марко Лазаров". Лазар Лазаров упати голема благодарност за хуманиот гест со надеж дека Турнирот наречен „Марко Лазаров" ќе прерасне во Меморијален турнир, кој секоја година ќе се одржува во мај како голем настан во чест на роденденот на неговиот татко.

Исто така, Меѓународниот ден на лицата со телесен инвалидитет беше одбележан со поетско читање на литературните дела на двете поетеси членки на Мобилност Гевгелија Билјана Димова со литературното дело „Посвета" - посветено на нејзина блиска пријателка која веќе не е меѓу нас и поетското дело „Барајки те", дело на Ева Калкова Буш – член на Мобилност Гевгелија.

*Валерија Пеева*





# ТУРНИР ВО КУГЛАЊЕ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ И ПРИЈАТЕЛИТЕ

На 17 ноември во кугланата „Мусандра", при ГТЦ во Скопје, Мобилност Скопје заедно со своите пријатели од здруженијата на Мобилност Струмица и ССРИ Битола, а по проект одобрен од одделот за спорт на Град Скопје, го одржа турнирот во куглање за лица со телесен инвалидитет.

На турнирот учествуваа многу членови од гореспоменатите здруженија кои досега имаат покажано одлични резултати во овој спорт и ги заслужуваат сите пофалби за лица со кугларски вештини.

Настанот течеше во одлична и фер атмосфера, односно нудеше извонреден натпреварувачки дух за поен плус во секое следно фрлање. Најдобрите ги освоија првите места и се запишаа во табелата на резултати кои говорат за сериозни натпреварувачи кои ќе спортуваат на следни турнири во градот и државата.

„Мобилност Скопје" ја продолжува соработка со Градот, верува во нив за идна поддршка во куглањето како мошне интересна активност компатибилна за лицата со инвалидитет.

Продолжуваме со следен турнир...
*Христина П.*









# НАТПРЕВАР ВО АТЛЕТИКА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ

По проект одобрен од страна на град Скопје, Мобилност Скопје и оваа година во населба Железара, го одржа натпреварот во атлетика (дисциплина ѓуле, диск и копје) за мажи и жени во стоечка и седечка положба. На него учествуваа повеќе членови од здружението кои неуморно тренираат за боите на Мобилност Скопје и Мобилност Македонија, со кое што низ годините постигнуваат резултати во споменатите дисциплини на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. На овој настан, дел од учесниците ги потврдија своите спортски квалитети, односно го освоија првото, второто и третото место во женска и машка конкуренција а останатите останаа мотивирани да го продолжат активното вежбање за подобар пласман.









На добитниците здружението им ги честита освоените места, а на останатите учесници им се заблагодарува за вложениот труд и континуираната упорност.

- Овој вид спортски настани будат натпреварувачки дух за целосно активно дружење на членовите, кое пак претставува апсолутен импакт за градот да ги препознае заложбите на лицата со телесен инвалидитет.

Мобилност Скопје продолжува и во иднина неуморно да дејствува на ова поле.

*Христина П.*

# СПОРТСКИ НАТПРЕВАР ВО ЧЕСТ НА 11 НОЕМВРИ - ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КУМАНОВО

Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово, со финансиска поддршка од Општински сојуз на спортови на Куманово, на 9.11.2024 година, во ресторанот „Грација“, во Куманово, одржа спортско рекреативна средба во шах и пикадо за спортисти со инвалидност, на кој учествуваа 30 спортисти со инвалидност од: ССРИ Кисела Вода - Скопје, ССРИ Битола, ССРИ Штип, ССРИ Кочани и ССРИ Куманово. За жал поканетите ССРИ Кавадарци и ССРИ Велес поради други обврски не настапија на турнирот.



За значењето на овој ден на присутните им се обрати и настанот го прогласи за отворен Ивана Ѓорѓиевска, претседателката на Советот на општина Куманово, а на присутните им се обратија и Страшко Коцевски - претседател на ССРИ Куманово и Бранимир Јовановски - претседател на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија.

Во фер и пријателска атмосфера првите три места ги освоија:

ШАХ

1. Горан Војновски од Кочани;
2. Јанчо Ѓорѓевски од Куманово;
3. Васко Јакимов од Штип.





ПИКАДО

1. Јоле Стојановски од Битола со 189 кругови;
2. Tоде Арсов од Штип со 166 кругови;
3. Лилјана Мицовска од Кочани со 162 кругови.

ССРИ Куманово им се заблагодарува на сите учесници и официјални лица на манифестацијата, како и на сите кои помогнаа за одржување на истата.

*Б. Јовановски*

# ТУРНИР ВО БОЧАЊЕ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ

По одобрениот проект од страна на Град Скопје во областа на спортот, Мобилност Скопје на 24 ноември 2024 година, во салата на средното училиште „Михајло Пупин“, го одржа турнирот во бочање. На него зедоа учество спортисти од здруженија на телесни инвалиди од Скопје, Струмица и Битола. Турнирот се одвиваше во фер и натпреварувачка атмосфера која даде апсолутен импакт за афирмација на новиот параолимписки спорт во Македонија како и негова успешна интеграција во светот на спортовите во опкружувањето. Причина за голем успех и интерес на овој вид спорт е тоа што тој нуди комфор за практицирање, компатибилност на инвалидноста со спортистот и спортската дисциплина како и неговата апсолутна натпреварувачка смисла.





По неколкучасовниот турнир, најуспешните ги освоија првото, второто и третото место, за коешто им ги даваме сите честитки, а на другите натпреварувачи им се заблагодаруваме за учеството со верба дека истрајноста во натпреварувањето на ваков вид турнири ќе продолжи, но и со тек на времето ќе добива уште поголеми димензии.

Мобилност Скопје продолжува да се залага за спортот во сферата на инвалидите и верува дека градот и понатаму ќе го препознава талентот и еднаквите можности на лицата.

*Христина П.*



# ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ




По одобрениот проект од страна на Град Скопје во областа на спортот, Мобилност Скопје на 1 декември, во салата на средното училиште „Михајло Пупин", го одржа турнирот во пинг-понг. На него зедоа учество спортисти од Мобилност Скопје кои во фер и натпреварувачка атмосфера ги одиграа сите мечеви од елиминациски карактер, односно во финалето да победат најдобрите и да го освојат првото, второ и третото место на турнирот. Овој настан покажа уште еднаш во низата спортски настани, дека нашите членови се спремни да го практицираат пинг-понгот и даваат надеж за следни поголеми натпреварувања и турнири на државно и меѓународно ниво.

Мобилност Скопје продолжува да се залага за спортот на инвалидите и верува дека Градот и понатаму ќе го препознава талентот за еднакви можности на лицата со инвалидитет.

*Христина П.*

# ОЛИВЕРА НАКОВСКА БИКОВА - СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА 2024






На 25.12.2024 година, на свечена церемонија во Националната опера и балет, беше одржана јубилејната, седумдесетта по ред, манифестација „Избор на најдобар спортист на Македонија", овојпат за 2024 година, на која на најдобрите спортисти и спортски работници им беа врачени трофеите за најдобар спортист, спортски работник, федерација и екипа на годината за 2024.

Параолимпискиот комитет на Северна Македонија и годинава имаше свои кандидати и тоа во две категории, во изборот за најуспешен спортист лице со инвалидност и во категоријата најуспешен тренер/селектор.

Наградата за најуспешен спортист - лице со инвалидност ја доби параолимпијката Оливера Наковска Бикова од Битола, за нејзиното шесто учество на параолимписки игри и освоени две осми места во финалето во две дисциплини, на 10м воздушен пиштол и на 25м спорт пиштол, на Параолимписките Игри во Париз 2024.

Во оваа категорија беа номинирани пет спортисти и тоа: Оливера Наковска Бикова – стрелаштво учество на Параолимписки игри во Париз 2024 и освоени две осми места во финале во две спортски дисциплини, Стефан Мелник – слепо лице за освоено деветo место на Светско првенство вошах за слепи и слабовидни во Црна Гора, Андреј Стојановски – освоени три медали на меѓународни првенства во регионот во Словенија, Србија и Босна и Херцеговина во пливање за лица со оштетен слух, Александар Јовановски – стрелаштво

за учество на Европско првенство во стрелаштво во Гранада, Шпанија и освоено шеснаесетто место и Игорчо Постолов – освоен златен медал на регионален натпревар во Бугарија во пинг понг за лица со телесен инвалидитет.

За најуспешен тренер/селектор за 2024 година беше прогласен Кирил Лазаров, кој ја водеше ракометната репрезентација, а во конкуренција за најуспешен тренер/селектор за 2024 година беа и: Бранимир Јовановски – спортско стрелаштво за лица со телесен инвалидитет, Дејан Митровски – кикбокс и маитаи, Александар Кузмановски – карате и Благоја Милевски – фудбал.

Наградите на најуспешните македонски спортисти во категоријата мажи и жени за 2024 година им ги врачија, претсе-






дателот на Владата, проф. д-р Христијан Мицкоски и министерот за спорт Борко Ристовски.

Во својот говор, министерот Борко Ристовски, истакна дека денес им оддаваат признание на најдобрите спортисти кои со својата посветеност, дисциплина и талент ги поставиле највисоките стандарди освојувајќи медали и високи пласмани на натпреварите од највисоко ниво. Истакна дека не смее да ги заборави ни тренерите, клубовите, федерациите и сите спортски работници кои со години стојат зад нивните успеси.

„Овој настан е доказ дека спортот ги руши сите бариери – политички, етнички и социјални – и ја обединува нацијата. Во годинава што изминува, Македонија по две децении конечно доби Министерството за спорт. Оваа институција треба да го издигне и да го врати македонскиот спорт на местото што го заслужува. Спортот бара жртви, но носи и многу радосни моменти како овој денеска. Бидете упорни и истрајни на тој пат. Победувајте за себе и за Македонија“ - истакна министерот Ристовски.

Претседателот на Владата, проф. д-р Христијан Мицкоски ги поздрави спортистите и спортските работници и им се заблагодари што достојно ја претставуваат Македонија во светот. Мицкоски изрази задоволство од она што е направено досега по конституирањето на новото Министерство за спорт и истакна дека спортот ќе биде еден од главните приоритети на Владата, дека како Влада ќе дадат се од себе заедно со спортистите и спортските работници во иднина да ја направат Македонија и македонските граѓани повторно горди на спортските постигнувања од спортистите. Исто така истакна дека за прв пат од осамостојувањето, Владата формираше Министерсво за спорт, институција која ќе се грижи исклучиво за спортот и за спортистите, и дека со министерот за спорт, Борко Ристовски, се во секојдневна комуникација разговарајќи што треба повеќе да се направи за спортистите за да имаат можности да тренираат и да се надградуваат тука дома, и да можат што подостоинствено да ја претставуваат Македонија. Мицкоски истакна дека после првите месеци од конституирањето на оваа институција, може да каже дека е задоволен од сето она што досега го направиле, но исто така ветува дека заедно со спортистите, во периодот што следува ќе направат уште повеќе.

На крајот од манифестацијата, сите добитници на признанијата направија заедничка фотографија за спомен со, претседателката на државата, Гордана Силјановска – Давкова, премиерот, Христијан Мицкоски, и министерот за спорт, Борко Ристовски.

*Б.Јовановски*

## БАРАЈЌИ ТЕ

Те барав
во Соновите,
и мои.. и туѓи..
Само за миг те препознавав;
во метежот на посакувањата,
во толпата,
на поминување,
... од грб,
Само за секунда подалеку од можното,
дофатливото.

Те барав, не наоѓајќи те
И чудно
Те губев, не наоѓајќи те,
за пак да те барам
по туѓи библиотеки
болници
бесоници,
јавни клозети,
автобуси
мечти
станици,
Низ стари мудрости
и модернииграфити,

Те барав, не наоѓајќи те
и чудно
и мачно
и тажно
и смешно..
Секој пат одново те губев –
без да те пронајдам.

Автор: *Ева Калкова Буш*

## ИГРИ

Среде гора се најдовме
на рамнина на ледина
искри паѓаат небото свети!
Како небесни ѕвезди да светат.
Мојата ситна гора
тресе ли тресе своја носија трошна
самовили играат ли играат.
Лице блесна насмевка се виде!
Сопни падни стани јунак се правам.
Јунаштина правам
за се прославам.
А потоа се стега и бегам.
А сакам посестринество и
горко вдаховение.
А облак се покрена и се виде
лице пламнато.
На Лиле!
Лето Господово 2024 год. – Амин!

Автор: *Кире Ивановски*

## ПОСВЕТА

Погледни околу патот
низ кој чекориш.
Сврти се да ја видиш
секоја оставена трага
од твоето одење.
Почувствувај го ритамот
на твоите чекори.
Погледни ги илјадниците
сенки од луге
кои се претвориле во имагинација.
Потони во своето јас.
таму има свет.
Таму има сон.
Таму се наоѓа се што е твое.
Биди храбра.
Бори се за твоите соништа.
Биди силна.
Пркоси им на животот, на судбината,
на лугето претворени
во карпа до карпа.
Прескокни ги тие сенки од луге
кои безпоштедно
го величат своето достигнување.
Исправи се.
Биди силна.
Биди достоинствена.
Ти можеш, ти знаеш.
Во тишината го слушам
сеуште твојот глас.
Невидлив бигор тлее
во мојата душа.
Деновите не се повеке исти
без тебе.
Премногу болиш.
Проклето фалиш.
Слушам лажни насмевки.
Слушам лажни чекори
претворени во измамени воздишки.
Боли и пак бескрајно боли.
Некаде во сеќавањата
капнува солза
Пријателке моја, жено, човек.
Остануваш во вечноста
на моите мисли.
Боли и ке боли засекогаш.

Автор: *Биљана Димова*


2024
ОЛИВЕРА
НАКОВСКА БИКОВА
СПОРТСКО СТРЕЛАШТВО












СОЈУЗ ЗА СПОРТ И
РЕКРЕАЦИЈА НА
ИНВАЛИДИ КУМАНОВО
2 6
TIBHAR
JOOLA



ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА** СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
**ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ISSN 1857-8470
9 771857 847001